Слободен пристап до информации од јавен карактер на Западен Балкан во 2020 година

# ДОВЕРЛИВИ. ОДБИЕНИ. ОДЛОЖЕНИ.

## Транспарентност на институциите: предизвици за време на пандемии

Автор: Шенѓул Османи Лоџа

BIRN
BALKAN INVESTIGATIVE REPORTING NETWORK

With funding from
Austrian Development Cooperation

# Содржина


Вовед 3

Слободен пристап до информации - Резиме 8

Закони за слободен пристап до информации - случувања, предизвици и причини за загриженост 12

СПИ за време на пандемијата на Ковид-19 21

Анализа на поднесените барања - Рангирање на институционалната транспарентност и одговорност 24

Отворено владино партнерство - Предизвици и оценки за институционалната отвореност: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија 38

„Чувари“ на слободниот пристап до информации од јавен карактер 60

Глобален рејтинг на правото на информации 92

Заклучок 100

Препораки 102

За проектот 104

# Вовед

Овој извештај ги презентира заклучоците за транспарентноста и одговорноста на владите на земјите од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија, и избраните институции од регионот ги рангира на скалата од најдобри до најлоши практики, во однос на овозможувањето на слободен пристап до информациите, со фокус на одговорите што новинарите ги добиле од тие институции.

Соочени со глобалната пандемија на Ковид-19, земјите од Западен Балкан не му дадоа никаков приоритет на слободниот пристап до информациите. Токму спротивното, многу земји го ограничија пристапот до нив, особено во периодот кога беа прогласени вонредни состојби[1]. Покрај тоа, земјите што беа дел од мониторингот, продолжуваат да се борат со спроведувањето на законите за СПИ и не настојуваат да станат потранспарентни и поодговорни пред своите граѓани. Неколку меѓународни организации што се занимаваат со медиумите, дадоа своја оценка и го рангираа регионот, кој не покажа прогрес кога станува збор за имплементацијата и спроведувањето на законите за СПИ во практика.

Во извештаите на Европската комисија за 2020 година[2] за балканските земји, се критикува ниското ниво на институционална транспарентност и се изразува загриженост што, генерално, правните механизми не функционираат. Покрај тоа, на пример, се забележува дека пристапот до информациите, врзано за договорите за набавки, за ревизиите и за платите на функционерите, треба да биде целосно достапен. Се додава

1 Правата на слободен пристап до информации во Централна и Источна Европа „одложени“ https://balkaninsight.com/2020/04/06/central-and-eastern-europe-freedom-of-information-rights-postponed/

2 Стратегија и извештаи на Европската комисија https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/countries/package_en

дека судството треба да ја зголеми својата ефикасност, при решавањето на случаите на административен спор, за да се поддржи правото на граѓаните на административна правда. Административниот молк и натаму е главен проблем во регионот. Властите не постапуваат адекватно по барањата за слободен пристап до информациите, што ги поднеле граѓаните, со тоа што, во некои случаи, воопшто не одговориле на тие барањата. А, исто така, мора да се обезбеди спроведување на одлуките донесени од комесарите/повереницитe/омбдусмените/агенциите за информации од јавен интерес.

Дополнително, во извештаите на Европската комисија за регионот, за 2020 година, се нагласува дека улогата на комесарите/повереницитe/омбдусмените/агенциите, треба да се зајакне и оти треба да им се даде поголема надлежност во делот на изрекувањето на санкции, како и да се обезбеди спроведување на нивните одлуки, бидејќи во некои земји тие се необврзувачки за официјалните лица од јавната администрација.

Според организацијата, Фридом хаус (Freedom House), оценката за слобода на медиумите, во делот за политички права и граѓански слободи, ги рангира сите шест земји како „делумно слободни“. Повеќето земји, минатата година, забележале пад во оваа сфера. Врз основа на извештајот на Фридом Хаус за 2020, „Слободата во светот 2020[3]“, Србија, Црна Гора и Албанија, во однос на 2019, бележат назадување и тие беа бодувани со помалку бодови, за Босна и Херцеговина состојбата остана непроменета (53), а Косово и Северна Македонија постигнаа повисок резултат, со само неколку поени повеќе од 2019.

3 Слободата во светот 2020 - https://freedomhouse.org/sites/default/files/2020-02/FIW_2020_REPORT_BOOKLET_Final.pdf




Табела 1: Резултати на Фридом Хаус[4]

Исто така, Фридом Хаус, во својот извештај, „Нации во транзиција 2020“[5], за прв пат ги класифицираше Србија и Црна Гора, како „хибридни режими“, критикувајќи ги поради потфрлањето на демократските стандарди. Освен тоа, во извештајот се забележува дека на Балканот, „повеќегодишното заробување на државата, злоупотребата на моќта и тактиките на моќници што ги користеле претседателите во Србија и во Црна Гора, за прв пат по 2003 година,  доведеле до тоа, овие земји да не бидат категоризирани како демократии во извештајот, „Нации во транзиција”.

Извештајот опфаќа 29 земји од Југоисточна Европа, класифицирајќи ги во пет категории: консолидирани демократии, полуконсолидирани демократии, транзициски или хибридни режими, полуконсолидирани

4 „Нации во транзиција 2020“4  - Фридам хаус, Нации во транзиција https://freedomhouse.org/sites/default/files/2020-04/05062020_FH_NIT2020_vfinal.pdf

5  Фридам хаус, Нации во транзиција 2020, Пад на демократската фасада https://freedomhouse.org/sites/default/files/2020-04/05062020_FH_NIT2020_vfinal.pdf

авторитарни режими и консолидирани авторитарни режими[6].

Меѓутоа, во случајот на Црна Гора и Србија, во извештајот се наведува дека и двете земји веќе долго време имаат слаби институции и оти е видливо постепено деградирање. За Црна Гора, во извештајот се забележува негативен развој во врска со независноста на судството, слободата на медиумите и корупцијата. А за Србија, пак, во извештајот се забележува „долгогодишна деградација под власта на претседателот, со напади врз медиумите, недостаток на ефективно гонење на корупцијата и намалување на просторот на локалната власт". И што е уште поважно, во извештајот се истакнати неколку напади врз медиумите што се случија во Србија во 2019 година, односно напади на новинари, на истражувачки медиуми, меѓу кои беше и уредник на БИРН[7].

И меѓународната организација, Репортери без граници[8], која делува на полето на глобалните слободи и демократијата, во својот извештај „Индекс за слободата на медиумите во светот", врши рангирање на земјите, врз основа на нивото на слобода во тие земји (како што е слободата на новинарите, независност на медиумите, законската рамка). Изненадувачки, Босна и Херцеговина бележи позитивен чекор во минатата година, додека Црна Гора бележи резултат поголем од максимално најлошиот, со оценка 105. Индексот ги рангира земјите според бодови од 0 до 100; при што 0 е најдобар можен резултат; додека 100 е најлош резултат.

Србија и Албанија добија пониски оценки за 2020; додека Северна Македонија и Косово малку го подобрија резултатот.

6 Фридам хаус: Србија, Црна Гора и Унгарија „не се повеќе во категоријата демократии"https://balkaninsight.com/2020/05/06/freedom-house-serbia-montenegro-hungary-no-longer-democracies/

7 Фридам хаус: Србија, Црна Гора и Унгарија „не се повеќе во категоријата демократии"https://balkaninsight.com/2020/05/06/freedom-house-serbia-montenegro-hungary-no-longer-democracies/

8 Репортери без граници https://rsf.org/en/ranking




Табела 2: Светскиот индекс на слободата на печатот[9]

Помалите резултати на Србија следеа по бурната година во оваа земја, во која беа забележани полициска бруталност и напади врз новинари, на протестите што во 2020 година се одржаа во Белград, против ограничувањата наметнати поради пандемијата на корона вирусот. Имено, на протестите, беа нападнати новинари, прво од некои демонстранти, а потоа и од полицијата. Оттука, остана само Министерството за внатрешни работи на Србија да спроведе истрага за овие напади[10].

9 Репортери без граници https://rsf.org/en/ranking_table

10 Втора вечер на судири: српската полиција ги нападна новинарите https://balkaninsight.com/2020/07/09/serbian-police-attack-journalists-in-second-night-of-clashes/ и Србија „сè уште ги истражува" полициските напади врз новинарите на протестите https://balkaninsight.com/2020/10/27/serbia-still-investigating-police-attacks-on-journalists-at-protests/

# Слободен пристап до информации - Резиме

Во 2020 година, законите за СПИ во балканските земји, главно останаа исти, иако неколку земји ги модифицираа регулативите за да ја ограничат транспарентноста или за да ги класифицираат одговорите на барањата како „доверливи“ (Србија и Црна Гора), за време на глобалната пандемија.

На хартија, законите за слободен пристап до информациите, се многу слични и ги исполнуваат сите европски и меѓународни барања. Сепак, нивната имплементација енормно варира. Дел од јавните институции, но само во неколку земји, објавуваат некои податоци и документи онлајн, трудејќи се во голема мера  да го прифатат концептот на отворени податоци. Другите заостануваат. Изненадувачки, добро скроените и ратификувани закони, со силни перформанси во некои земји, во делот на објавување на податоци, не водеа кон транспарентен и лесно достапен систем на СПИ.

Правото на информации и правото на пристап до јавните документи, се заштитени со уставите и законите на демократските општества. Важечкото законодавството во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и во Србија, го гарантира правото на јавноста на пристап до официјалните документи. Сепак, БИРН, низ својата работа, низ која ја провери транспарентноста, откри дека практиката честопати не е во согласност со законодавната рамка. Многу барања испратени од новинарите на БИРН, за пристап до јавни документи, беа одбиени или игнорирани (беа без одговор), или беа потребни повторни интервенции од страна на новинарите, за да се обезбеди одговор (често само делумен или одговор кој содржи само технички податоци). На пример, во неколку случаи, новинарите на БИРН ги добија

бараните документи, откако претходно поднесоа жалба до комесарите/повереницците/омбдусмените/агенциите, и откако оттаму им беше наложено на јавните институции да ги достават бараните документи, беше овозможен целосен пристап (Републичка дирекција за имот на Република Србија, Министерство за внатрешни работи на Република Србија и Министерството за правда на Албанија).

Важно е да се напомене дека во текот на 2020 година, некои земји го ограничија правото на информации, со продолжување на рокот во кој државните органи треба да одговорат на барањата за слободен пристап кон информациите, а други, пак, ги решаваа барањата за СПИ, применувајќи ја категоријата „доверливо“, без конкретно образложение.

За време на пандемијата, во време на вонредни состојби, регулативите кои се однесуваат на медиумите, низ целиот регион, се заостриjа, а во некои случаи, особено новинарите, не можеа да го искористат правото за слободен пристап до информациите. На пример, во Србија, власта имаше можност да одбие да одговори на барањата за СПИ, кои не беа поврзани со пандемијата. Во некои други земји, властите одговараа со одложување, сè до укинување на вонредната состојба. Останатите земји можеби немаа никакви мерки поврзани со пандемијата, но во практика, институциите помалку одговараа на барањата за СПИ, главно од технички причини. Повеќето земји не можеа да обезбедат целосен пристап до податоците, во нивата оригинална електронска копија, бидејќи многу службеници од јавниот сектор работеа од дома. Тоа доведе до уште поголемо пролонгирање на одговорите до оние што поднеле барање.

**Во периодот од февруари до декември 2020 година**, новинарите на БИРН, во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и во Србија, за потребите на своите истражувачки стории, поднесоа **359** барања за СПИ, кои во спротивно, не би биле објавени. БИРН, врз основа на степенот на добиени одговори од институциите, ја процени (оцени) нивната транспарентност и го провери нивото на

имплементација на регионалните закони за СПИ. Овие барања беа користени во истражувања и други аналитички текстови и вести[11], кои новинарите на БИРН ги објавуваа, како дел од тековниот проект „A Paper Trail to Better Governance“.

| | февруари - декември 2020 |
|---|---|
| Број на барања **ПОДНЕСЕНИ** | 359 |
| Број на барања **ОДОБРЕНИ** | 173 |
| Број на барања **ДЕЛУМНО ОДОБРЕНИ** | 15 |
| Број на барања **ОДБИЕНИ** | 11 |
| Број на барања **НЕОДГОВОРЕНИ** | 160 |

Табела 3: Поднесени барања на БИРН за СПИ во 2020

Од **359** поднесени официјални барања за пристап до јавни документи, беа одобрени само **173**, додека **15** беа делумно одобрени (беа дадени само технички информации или беше речено дека одговорот ќе биде покомплетен кога ќе се укине вонредната состојба). **11** беа одбиени (без јасно правно образложение за одбивањето; освен во два случаи, кои беа класифицирани како доверливи, односно како службена тајна), а на **160** барања воопшто не беше одговорено, дури и по неколку обиди на новинарите да добијат одговор.

За подобро да се разберат околностите, во рамките на кои се наидува на предизвици во пристапот до јавните документи на Балканот, БИРН ги спореди рејтингот, резултатите и рангирањата на СПИ, од жалбите поднесени до комесарите/повереницитe/омбдусмените/агенциите, од заложбите за иницијативата за Отворено владино партнерство и од глобалниот рејтинг на правото на информации, во сите шест земји.

По внимателно следење на јавните институции и нивото на нивна транспарентност, следниве институции се трите најдобри и најлоши,

11 Paper Trail Investigations https://balkaninsight.com/paper-trail-investigations/

оценето врз основа на нивните перформанси, кога новинарите на БИРН побараа слободен пристап до информациите:

## Најдобрите три:

1. Кабинет на вршителот на должноста претседател на Косово;

2. Кабинет на претседателот на Северна Македонија;

3. Судовите и обвинителствата во Србија.

## Најлошите три:

1. Министерството за здравство на Албанија;

2. Министерството за внатрешни работи на Србија;

3. Косовски Телеком

Трите најдобри институции на време одговорија на барањата за СПИ, понекогаш веднаш (дури и пред законскиот рок). Тие, исто така, целосно ги обелоденија бараните документи, како потврди за трошоци, договори или меморандуми потпишани со странски земји и правни акти од судски расправи и рочишта.

Кај трите најлоши институции, може да се забележи дека тие одлучија да ги отфрлат барањата за СПИ - дури и кога предметните прашања беа од јавен интерес – при што се стекна впечаток дека тие се обидоа да сокријат информации, кои, во спротивно, би укажале на сериозно кршење на законот.

Јасно е дека, кога политичката волја (и атмосфера) во рамките на одредена институција е потранспарентна, на барањата за СПИ се одговара на време и во целост.

# Закони за слободен пристап до информации - случувања, предизвици и причини за загриженост

Сите балкански земји ги имаат ратификувано законите за слободен пристап до информациите, за кои тврдат дека успешно ги имплементирале. Законите донесени во Србија и во Албанија се дури рангирани меѓу најдобрите 10 закони за СПИ во светот (рангирање според иницијативата Глобално право на информација, што го анализира квалитетот на светските закони за пристап до информациите). Сепак, спроведувањето на законите продолжува да се соочува со предизвици и потешкотии, бидејќи јавните институции молчат, не одговараат на барањата или сѐ повеќе ги одбиваат, а честопати и сѐ повеќе информации категоризираат како „доверливи“.

Законот за пристап до информациите во **Албанија**[12] се наоѓа во статутот на земјата од 1999 година. Во 2014 година, беа усвоени амандмани на овој закон, со кои се обезбеди поголем пристап на јавноста до официјалните документи, како и наметнување на конкретни казни за јавните службеници, кои оневозможуваат пристап до информациите.

12 Закон за право на информација, Албанија(2014) http://www.qkr.gov.al/media/1307/119_2014-anglisht.pdf https://www.legislationline.org/download/id/7982/file/Albania_Law_right_information_2014_en.pdf и Закон за право на информација над службени документи (1999) http://www.legislationline.org/documents/action/popup/id/6492

Сега, со доставување на барање за СПИ, новинарите во Албанија, теоретски, можат да добијат пристап до повеќето информации, документи и податоци од јавен карактер.

Новиот закон вклучува неколку нови концепти, вклучително и можност за преквалификација на тајните документи, објавување на делумни информации и употреба на информатичка технологија за информациите со кои располагаат јавните институции, со цел истите да бидат што попристапни за јавноста.

Законот, исто така, ги обврзува јавните институции и властите да назначат координатори за пристап до информациите и да се воспостави институцијата Комесар за информации, орган за жалби во случаите кога институциите или одбиваат да одговорат на барањата за СПИ или кога споделуваат само делумни информации.

Накратко, законот за пристап до информациите во Албанија, нашироко се смета за одличен закон, иако неговото спроведување и натаму е несоодветно. Државните власти продолжуваат да им го забрануваат пристапот на новинарите до документите од легитимен и суштински јавен интерес - особено оние што се однесуваат на јавните договори, понуди и концесии - и користат тактики за одложување, при што кога новинарите конечно ќе го добијат одговорот, информациите веќе не се релевантни.

Како демократска земја која тежи кон членство во ЕУ, **Босна и Херцеговина** беше една од првите земји на Балканот што усвои Закон за слобода на пристапот до информации, прво на државно ниво во 2000 година, а потоа, во 2001, и на ниво на двата ентитети. Сепак, експертите се согласуваат дека законот бара измени и дополнувања за решавање на разните недостатоци, идентификувани со текот на годините[13]. Од друга страна, Босна и Херцеговина и натаму е единствената земја на Балканот,

13 Аналитика, Центар за социјални истражувања - Кон проактивна транспарентност во Босна и Херцеговина (2013) http://analitika.ba/sites/default/files/publikacije/proaktivna_transparentnost_policy_memo_eng_4juni_web.pdf

што не нуди пристап до јавните документи во електронска форма[14].

Босна и Херцеговина заостанува во институционалната транспарентност, поточно, во однос на објавувањето информации на официјалните веб-страници на институциите. Проактивната транспарентност во оваа земја, сè уште не е утврдена со актите за СПИ, а на информациите во голема мера им се пристапува реактивно – со поднесување барање до институцијата што ги поседува посакуваните информации[15]. Во тој поглед, правните акти за СПИ во Босна и Херцеговина се застарени и не ги исполнуваат потребите и очекувањата на дигиталното доба.

Покрај тоа, во извештајот на Европската комисија за 2020 година[16] се забележува дека правото на пристап до информациите од јавен карактер е нерамномерно, заради недостатоците во законските рокови, дадени за одговор на барањата за пристап до информациите од јавен карактер, со некохерентен систем за поднесување барања, нецелосни информации што ги обезбедуваат властите, тешко достапни информации до јавноста и слаба употреба на сеопфатен тест за јавен интерес, за да се оправда одбивањето да се даде пристап до информациите.

Накратко, пристапот до информации во Босна и Херцеговина е отежнат од законските одредби, кои сè уште се толкуваат на начин, кој ги штити приватните, а не јавните интереси. Недостигаат ефективни институционални механизми за надзор над спроведувањето на законите или санкционирањето на нивна повреда.

14 Аналитика, Центар за социјални истражувања, Проактивна транспарентност во институциите на Босна и Херцеговина: добри практики (2016) http://www.analitika.ba/sites/default/files/publikacije/primjena_standarda_eng.pdf

15 “Закон за слобода на пристапот до унформации”, Службен весник на БиХ 28/00, 45/06, 102/09, 62/11 и 100/13; “Закон за слобода на пристапот до информации во Федерацијата БиХ”, Службен весник на ФБиХ 32/01; “Закон за слобода на пристапот до информации во Република Српска”, Службен весник на РС 20/01. https://www.legislationline.org/legislation/section/legislation/country/40/topic/3

16 Извештај на Европската комисија за Босна и Херцеговина 2020 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/bosnia_and_herzegovina_report_2020.pdf

Во **Косово**, законот за слободен пристап до јавните документи, стапи на сила во 2010[17], со цел поголема транспарентност на Владата. Но, во неговото имплементирање недостасуваат потребните механизми.

На хартија, Косово има извонредна правна рамка, кога станува збор за пристапот до информациите. Сепак, законот бара темелна ревизија за да се реши неговата предизвикувачка и фрагментирана имплементација.

Постапувајќи според сугестиите и препораките на граѓанското општество, на Европската унија и на другите организации кои ги следат медиумите, Косово го измени Законот за пристап до јавните документи. Парламентот го усвои и го ратификуваше новиот закон во мај 2019 година[18], со што се обезбеди правото на граѓаните за пристап до информациите од јавен карактер.

Со измените на законот беше формиран органот - Комесар, како независен орган, именуван од Собранието, како прв човек на новата Агенција за информирање и приватност, која има за задача да го надгледува спроведувањето на законоnот за заштита на личните податоци и пристапот до јавните документи. Собранието, во три наврати, не успеа да избере Комесар. Прв пат (во април 2019 година) ниту еден од кандидатите не беше квалификуван; втор пат (во мај 2019 година) неговиот избор пропадна поради распуштање на Собранието, а третиот пат (во јуни 2020 година) никој од кандидатите не успеа да ги добие потребните гласови[19].

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во

17 Закон за пристап до јавните документи (2010), Република Косово http://gzk.rks-gov.net/ActDocumentDetail.aspx?ActID=2724

18 Нов закон (јули 2019) за пристап до јавните документи, https://mapl.rks-gov.net/wp-content/uploads/2017/12/LAW_NO._06_L-081_ON_ACCESS_TO_PUBLIC_DOCUMENTS.pdf

19 'Неуспеси на Собранието да се функционализира Агенција за информирање и приватност Levizja FOL http://levizjafol.org/wp-content/uploads/2020/12/Failures-of-the-Assembly-in-Functionalizing-the-Information-and-Privacy-Agency.pdf

**Северна Македонија** беше усвоен од Собранието во 2006[20]. Во 2010 законот претрпе измени, со кои беше унапредена законската рамка која го гарантира правото на информации и со кои законот беше дополнително усогласен со меѓународните и европските стандарди. Иако законската рамка беше оценета како задоволителна, имплементацијата и натаму беше делумна.

Во мај 2019, беше донесен нов Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, со кој се овластува новата Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (порано позната како Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер), да ја следи усогласеноста со правилата за проактивно откривање на информациите и да ги редуцира основите врз кои може да се одбијат барањата за информации од јавен карактер. Новиот закон го скрати рокот за добивање одговор по бараната информација од 30 на 20 дена. Покрај тоа, со новите измени, финансирањето на политичките партии стана јавна и достапна информација. Иако законот има добра правна основа, не го спроведуваат во целост сите јавни институции и одделенија.

Неколку години по ред, во извештаите на Европската комисија за Северна Македонија, Владата се повикува да ги задолжи министерствата и сите други јавни институции, да објавуваат повеќе информации на нивните веб-страници, но и повеќе групи на информации да бидат достапни за јавноста.

Со законот, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, се преименува во Агенција, и таа го промовира, набљудува и следи спроведувањето на законот од страна на сите јавни институции. Сепак, Агенцијата се соочува со големи предизвици, бидејќи бројот на жалби е голем, а бројот на одговори на

20 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Северна Македонија (на англиски јазик): http://arhiva.mioa.gov.mk/files/pdf/en/LAW_ON_FREE_ACCESS_TO_PUBLIC_INFORMATION.pdf

јавните институции е мал. Дури и работата на Агенцијата беше оценета како „нечујна“.

Затоа, капацитетот на Агенцијата за спроведување на новиот закон треба да се зајакне. Од мај 2018 до јануари 2020 година, Агенцијата беше без директор, па во овој период не одговараше на жалбите, што доведе до зголемување на неодговорените барања за информации од јавен карактер, од имателите на тие информации. Конечно, во јануари 2020 година, беа именувани директор и заменик директор на Агенцијата. Исто така, и кризата со Ковид-19 доведе до дополнителни одложувања на одговорите на барањата за информации од јавен карактер, од страна на бројни институции.

Во **Црна Гора**, слободниот пристап до информациите е загарантиран со уставот. Законот за слободен пристап до информациите, првпат беше усвоен од Собранието во 2005 година. Во 2012 година, во сила стапи нов закон, кој обезбеди подобар стандард во заштитата на слободниот пристап до информациите, од претходниот акт[21]. Законот беше изменет во 2017, со барање за проактивно објавување на службените информации. Но, со последните предложени измени на законот (во 2019), се чини дека се загрозува пристапот до информациите.

Иако се очекуваше дека измените и дополнувањата на законот за пристап до информациите, ќе ги забрзаат постапките за добивање информации, се појави загриженост дека постои зголемената тенденција на властите, за прогласување на информации како доверливи.

Членот 1 од Законот за слободен пристап до информации, кој содржи низа исклучоци, кои не се во согласност со меѓународните стандарди или со уставот на земјата[22], сè уште предизвикува загриженост.

21 МАНС – Слобода на информациите во Црна Гора http://www.mans.co.me/en/wp-content/uploads/fai/FreedomOfInformation-Internship.pdf

22 Закон за слободен пристап до информациите, Црна Гора 2012 - 2017 http://www.katalogpropisa.me/wp-content/uploads/2016/11/Zakon-o-slobodnom-pristupu-informacijama-1.pdf

Без адекватна гаранција дека доверливите информации ќе можат да бидат видени по приемот на барањето, ова може да ја отвори вратата за злоупотреба на системот со кој документите се класифицираат како доверливи, за да се сокријат информациите што, едноставно, политички не се погодни, со образложение дека во спротивно би можело да му се нанесе штета на легитимниот интерес (како националната безбедност или меѓународните односи).

Втора работа која предизвикува загриженост, во новата предложена верзија на Законот за слободен пристап до информациите, е воведувањето на исклучоци, врзано за деловните тајни и интелектуалната сопственост. Според меѓународните стандарди, постои легитимна загриженост поврзана за заштитата на комерцијалните и на бизнис-интересите, но тие мора да биде предмет на проверка, поради можни повреди на јавниот интерес. Следењето на активностите на јавните тела и нивните односи (финансиски и други) со приватните тела, е секако од јавен интерес. Исто така, интелектуалната сопственост не е сама по себе основа за одбивање на пристапот до информации, иако може да ја ограничи употребата/повторната употреба на одредени информации.

Последната работа што загрижува, во врска со новите предложени измени на законот од страна на Владата, е тоа што е изземена контролата над начините на кои државните органи ги декларираат информациите како доверливи. Граѓанските организации, медиумските групи и опозициските партии, тврдат дека амандманите не се во согласност со црногорскиот устав или со меѓународните договори што оваа земја ги има потпишано[23].

Најновите измени на законот, предложени од црногорската влада:

- даваат широк спектар исклучоци од правото на слобода на

23 Повик до Црна Гора да ја одложи дебатата за промена на законот, во време на пандемија https://balkaninsight.com/2020/04/09/montenegro-urged-to-delay-law-change-debate-in-pandemic/

информации;

- им дава на властите можност да го одбијат она што тие ќе го дефинираат како „неразумно“ барање;
- го стеснува правото на опфат само на оние информации што се од очигледна „јавна важност“;
- вклучува исклучоци што не се дозволени според меѓународното право;
- додава исклучоци каде тестот за повреда на јавниот интерес, нема да се применува.[24]

**Србија** го донесе Законот за слободен пристап до информациите од јавно значење во 2004 година[25]. Претпоставка на законот е дека сите информации што ги поседуваат јавните институции треба да бидат достапни за јавноста, и дека правото да бараат информации им се гарантира на сите, вклучително и на странците.

Со законот се воспостави независно тело - повереник за информации од јавно значење и заштита на податоците, задолжен за слободен пристап до информациите, како самостоен јавен орган, независен во вршењето на своите овластувања и со главна задача за заштита на тоа право.

Но, повереникот, при одлучувањето по жалбите, нема овластување да донесува одлука за одбивањето на барањата од највисоките државни институции. Тој, исто така, нема никакви овластувања за спроведување на своите одлуки, и иако законот содржи казнени одредби за случаите на кршење на законот, повереникот нема овластувања да поведува прекршочна постапка.

И на крајот, казните се толку ниски, што дури и плаќањето на казната,

24 Аксес Инфо – Правото на пристап до информации во Црна Гора изложено на ризик https://www.access-info.org/blog/2019/10/31/right-of-access-to-information-at-risk-in-montenegro/

25 Закон за слободен пристап до информациите на Србија: https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_slobodnom_pristupu_informacijama_od_javnog_znacaja.html

според мислењето на јавните органи, кои не сакаат да откријат одредени информации, е поисплативо. Во практика, казните се плаќаат од јавниот буџет на надлежната институција, па јавните службеници не се грижат многу за казните, така што во некои случаи претпочитаат да платат казна, а да не објават информации.

Што е уште поважно, во последниот извештај на Европската комисија[26], се забележува дека Законот за слободен пристап до информациите од јавно значење, треба дополнително да се измени. Властите претходно подготвија амандмани, вклучително и одредби насочени кон подобрување на спроведувањето на одлуките, утврдени од повереникот за информации од јавно значење. Законот, исто така, вклучува одредби со кои се ограничува пристапот до информации од јавен интерес, поврзани со акционерски друштва, во кои има и акции во сопственост на државата. Сепак, законот обезбедува еднаква позиција на сите компании (компании кои се целосно приватно финансирани и компании со акции во сопственост на државата), но изготвувањето на таквите одредби остави простор за произволно одбивање на барањата за пристап до информациите од јавен интерес.

Сегашните обиди за промена на законот ќе бидат дискутирани подетално во поглавјата што следат.

26 Извештај на Европската комисија за Србија за 2020 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/serbia_report_2020.pdf

# СПИ за време на пандемијата на Ковид-19

## *Владите, генерално, наоѓајќи изговор во пандемијата на Ковид-19, ги заобиколуваа барањата за СПИ*

Мнозинството од балканските земји, не ги земаа предвид законите за СПИ, при прогласувањето на вонредна состојба, во одреден период во текот на 2020 година. Така, прогласената вонредна состојба, доведе до огромен број барања за СПИ, нерешени жалби од страна на независните тела, а јавните органи не брзаа да објавуваат податоци на интернет.

Во Србија, Црна Гора и во Северна Македонија, глобалната пандемија беше искористена како изговор за евентуално одложување на барањата за СПИ, што е можно подолго.

Од друга страна, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово, не воведоа никакви измени на законите и практиките за СПИ, но пандемијата, сепак, имаше свое влијание. Имено, таа доведе до одложување на одговорите на јавните органи на барањата за СПИ, до нивно целосно игнорирање.

**Србија** ги одложи правата на СПИ поради прогласената вонредна состојба. Имено, во март 2020, Владата на Србија прогласи вонредна состојба поради глобалната пандемија на Ковид-19, но, исто така, беа одложени и одредени прописи за СПИ. Владата ги пролонгираше крајните рокови за одговор на јавните органи на поднесените барања[27] за дополнителни 30 дена, по укинувањето на вонредната состојба. Неколку

27 Правата на слобода на информации во Централна и Источна Европа „одложени“ https://balkaninsight.com/2020/04/06/central-and-eastern-europe-freedom-of-information-rights-postponed/

месеци јавните институции не одговараа на барањата за СПИ и започнаа да одговараат на нив по укинувањето на вонредната состојба, што беше случај и со бројни барања што новинарите на БИРН ги поднесоа за слободен пристап до информации.

**Црна Гора** со нетрпение ја очекуваше јавната расправа за предложените измени на законот за слободен пристап до информациите, за време на глобалната пандемија. Владата на Црна Гора, очигледно беше доста заинтересирана за побрзо усвојување на новите „измени“. Граѓанските организации и новинарите веднаш реагираа на повикот на Владата за јавна дебата, со барање таа да се одложи после вонредната состојба[28]. Што е уште поважно, од клучно значење беше експертите од граѓанскиот сектор и медиумите, да учествуваат во евентуалното преформулирање или менување на предложените амандмани, бидејќи ветените владини измени на законот, се чини дека се најрестриктивни во регионот.

Владата на **Северна Македонија** постојано тврдеше дека вонредната состојба или мерките кои беа наметнати поради пандемијата, нема да влијаат на правото на јавноста на информации. Сепак, во практика, јавните институции помалку одговараа на барањата за СПИ[29]. Со смален број (односно со само неколку) јавни службеници, физички присутни на своите работни места, не беше можно ниту да се дознае, кога може да се очекува одговор на барањата. Така, тоа ги натера оние што бараа информации, постојано и во секое време да проверуваат кај јавните органи, кога ќе можат да добијат одговор.

Во **Босна и Херцеговина, Косово** и во **Албанија**, исто така, дојде до пролонгирање во одговарањето или исполнувањето на законските

28 Повик до Црна Гора, да ја одложи дебатата за измена на законот после вонредната состојба https://balkaninsight.com/2020/04/09/montenegro-urged-to-delay-law-change-debate-in-pandemic/

29 Вонредната состојба во Северна Македонија ја ослобна транспарентноста на институциите https://balkaninsight.com/2020/04/24/north-macedonias-state-of-emergency-weakens-institutions-transparency/

рокови  за барањата на СПИ. Исто како и во другите земји од регионот[30], со прогласена вонредна состојба и прогласен полициски час, при што голем број јавни службеници работеа од дома, поради недигитализираната евиденција, се создадоа долги списоци на барања за СПИ кои чекаа одговор, но не изостанаа ниту жалби.

30 Владите и натаму го подриваат правото на информации, повикувајќи се на пандемијата на корона вирусот https://balkaninsight.com/2020/09/28/governments-continue-to-undermine-right-to-information-under-cover-of-COVID-19/

# Анализа на поднесените барања - Рангирање на институционалната транспарентност и одговорност

*Најдобрите 20 институции, рангирани врз основа на нивните одговори на барањата за СПИ, поднесени од новинарите на БИРН*

Минатата година, новинарите на БИРН од Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и од Србија, поднесоа барања за пристап до јавни документи, до различни институции, кои им беа потребни не само заради мерење на транспарентноста, туку и заради тековните истражувања на кои работеа. Подолу, во списокот, се рангирани 20-те институции - со добар (во горниот дел), до лош (во долниот дел) настап, во спомнатите шест земји. Тие се рангирани врз основа на видот на добиен одговор, на пример, целосен одговор, делумен (само технички детали), без одговор, „молк“ или едноставно одбивање да се одговори.

| ИНСТИТУЦИЈА: | | ОДГОВОР: |
|---|---|---|
| 1 | Кабинет на вршителот на должноста претседател на Косово | Целосен |
| 2 | Кабинет на претседателот на Северна Македонија | Целосен |
| 3 | Судови и обвинителства во Србија | Целосен |
| 4 | Министерство за финансии на Косово | Целосен |
| 5 | Парламент на Албанија | Делумен |
| 6 | Министерство за образование на Северна Македонија | Делумен |
| 7 | Министерство за трговија Србија | Делумен |
| 8 | Институт за јавно здравје на Србија | Делумен |
| 9 | Федерално министерство за раселени лица и бегалци на Босна и Херцеговина | Делумен |
| 10 | Министерство за правда на Северна Македонија | Без одговор |
| 11 | Министерство за правда на Албанија | Без одговор |
| 12 | Влада на Србија | Без одговор |
| 13 | Министерство за здравство на Косово | Без одговор |
| 14 | Политички партии во Северна Македонија | Без одговор |
| 15 | Политички партии во Босна и Херцеговина | Без одговор |
| 16 | Министерство за здравство на Албанија | Одбиен |
| 17 | Министерство за внатрешни работи на Србија | Одбиен |
| 18 | Републички геодетски завод на Србија | Одбиен |
| 19 | Косовски Телеком | Одбиен |
| 20 | Царинска управа на Црна Гора | Одбиен |

Табела 4: Првите 20 институции рангирани според нивното одговарање на барањата за СПИ. Податоци на новинарите на БИРН.

Како што е наведено погоре, најдобар настап, кога зборуваме за СПИ, во 2020 година во регионот, е забележан од страна на Кабинетот на вршителот на должноста претседател на Косово, на Кабинетот на претседателот на Северна Македонија и на судовите и обвинителствата во Србија.

Во Косово, ситуацијата беше сосема спротивна во времето на претходниот претседател. На барањата за СПИ воопшто не се одговараше или тие беа одбивани, и покрај бројните потсетувања на нивната законска обврска да се одговори на барањата за СПИ. Од 5 ноември 2020 година, кога Вјоса Османи стана вршител на должноста претседател на Косово, сите барања за СПИ, доставени од новинарите на БИРН (како потврди за трошоци, финансиски евиденции или записници од состаноци), во целост беа одобрени и доставени во дадениот временски рок (па дури и пред него).

Кабинетот на претседателот на Северна Македонија е на второ место, бидејќи од таму во целост ги обелодени бараните документи, како што е Меморандумот за разбирање што земјата го потпиша со Кина.

Основните и вишите судови и обвинителствата во Србија, се, исто така, високо рангирани, поради одличниот настап што го имаа, кога им се доставуваа барања за објавување на јавни документи. Речиси 80% од барањата за СПИ, што новинарите на БИРН им ги поднесоа на локалните и вишите судови на Србија, беа одговорени во законскиот рок. Останатите 20% (од барањата  за СПИ) беа, исто така, одговорени, но со мало доцнење (не беше исполнет законскиот рок).

Сепак, обвинителствата во Србија, рангирани меѓу првите 4, одговараа на барањата за СПИ, само кога требаше да се запази законскиот рок. Инаку, тие честопати одбиваа да обелоденат или да дадат некакви податоци, повикувајќи се на наводен „интерес на процесот“ или службена тајна, а понекогаш одговараа дека не располагаат со бараните документи.

Министерството за финансии на Косово, е, исто така, меѓу најдобрите транспарентни институции. Тие, исто така, ги доставија бараните документи во целост и на време.

Во втората категорија, се најдоа комбинирани институции, од сите земји, кои на некој начин одговорија на барањето за СПИ на БИРН. Во повеќето случаи, овие институции доставија технички информации (или доставија копија од документ што не беше побаран, но некако ја покриваше спомнатата тема/област или проблем).

На пример, Парламентот на Албанија одби да објави целосна копија на бараните документи за изборот на нови членови и претседател на одборот на Агенцијата за медиуми. Под изговор дека се работи за заштита на податоците, тие не гледаа на објавувањето на документот, што содржи важни информации од јавен карактер (при што го зацрнија делот со приватни податоци), како на законска обврска. Тие одговорија само со кратко известување за општите услови на изборот. Така, тие делумно одговорија на барањето за СПИ (и не одговорија ништо конкретно за бараната информација).

Министерството за образование на Северна Македонија, на барањето за информација за список на запишани и дипломирани студенти од 2014-2019 година, на одредени универзитети, даде одговор за само дел од нив. За нив, беше доволно да одговорат само на неколку делови од барањето. Од Министерството никогаш не одговорија на сите барани детали.

Од Министерството за трговија, туризам и телекомуникации на Република Србија (барање на копија за продажба и извоз на оружје), и Федералното Министерство за раселени лица и бегалци на Босна и Херцеговина (барање на копија од финансискиот извештај за одредени донации) одговорија делумно. Во нивниот одговор стоеше оти тие ќе ги достават бараните документи, откако ќе заврши вонредната состојба. Но, ниту неколку месеци подоцна, Министерството за раселени лица и бегалци на Босна и Херцеговина не достави никакви документи. Од друга страна,

Министерството за трговија, туризам и телекомуникации на Република Србија, одговори на барањето, но делумно, а делумен беше и одговорот на Институтот за јавно здравје на Србија, на барањето за податоци поврзани со Ковид-19.

Во третата категорија се институциите што ги ‘**игнорираа**’ барањата за СПИ и тие воопшто не одговорија на нив. Дури и по неколку повторни потсетувања на барањата и реагирања, одговор немаше. Министерствата за правда на Албанија и на Северна Македонија се први на листата во оваа категорија (беа побарани копии од договори и донации), а следат Владата на Србија и Министерството за здравство на Косово. Имено, кога во текот на годината, новинарите на БИРН побараа од Владата на Србија и од Министерството за здравство на Косово, информации за одредени регулативи, статистики и ажурирања поврзани со Ковид 19, тие воопшто не одговорија.

Покрај тоа, со новите измени на законите за СПИ во Северна Македонија, финансирањето на кампањите на политичките партии стана јавен податок, што ги обврзува сите политички партии јавно да ги објават списоците на донации и на лицата што финансиски придонеле кон кампањите на партиите. Кога БИРН сакаше да провери колку се почитува новата законска измена и кога побара од сите политички партии податоци за финансиите на нивните кампањата, одговор не доби. Само опозициската партија во Северна Македонија, ВМРО-ДПМНЕ, одговори на барањето, со одбивање да ги открие бараните финансиски извештаи (документи).

Меѓу оние што се наоѓаат најдолу на списокот, во категоријата најлоши институции кога зборуваме за транспарентноста, се Министерството за здравство на Албанија, Министерството за внатрешни работи на Србија, Републичкиот геодетски завод на Србија, Косовски Телеком и Царинската управа на Црна Гора. И покрај тоа што ниту едно од барањата на БИРН не содржеше детали кои се однесуваат на националната безбедност или

на лични податоци, барањата едноставно беа одбиени. Во Албанија, од Министерството беа побарани копии од договори за набавка. Српското Министерство за внатрешни работи беше прашано за осуден воен злосторник, по кого има распишано меѓународна потерница. Барањето беше одбиено со изговор дека се работи за доверлива информација, дека обезбедувањето на оваа информација ќе значи повреда на правото на приватност, по што БИРН поднесе жалба до српскиот повереник за информации од јавен интерес и заштита на податоците за личноста, кој донесе заклучок дека барањето е валидно и дека Министерството треба да ги достави бараните информации. По ова, од Министерството за внатрешни работи пристигна целосен одговор. Сепак, беа потребни неколку месеци новинарот да ја добие информацијата од јавно значење, што влијаеше и на неговата работа.

Меѓу најлошите институции од кои најтешко се добиваат информации е рангирано и јавното претпријатие Косовски Телеком. Тие континуирано ги одбиваа барањата, тврдејќи дека воопшто не добиле никакво барање и редовно ги поканувaа подносителите на барања на ирационални и неоправдани состаноци, со единствена цел да го одложат процесот и да не дозволат пристап до бараниот документ.

Царинската управа на Црна Гора, веќе неколку години по ред, се наоѓа на дното на списокот, како најлоша регионална институција, кога се работи со СПИ. Новинарите на БИРН побараа копија од испратница и беа одбиени, бидејќи очигледно ваквите документи, тие ги сметаат за доверливи или службена тајна.

*Сепак, поради лошото искуство со црногорските институции, кога станува збор за одговарањето на барањата за СПИ, поради нивната вообичаена неподготвеност да дадат информации и поради рестриктивните закони, нашите новинари честопати користеа други извори и врски за да дојдат до потребните документи. Но, постои надеж дека со неодамнешната смена на политичката моќ, работите ќе се променат на подобро. Новата Влада вети дека ќе го смени законот за СПИ, кој се чини дека е најрестриктивниот во регионот.*

Накратко, политичката подготвеност на земјите, почнувајќи од врвот, игра голема улога во поставувањето на теренот и атмосферата, за поголема примена и пошироко почитување на практиките за СПИ. Постои тренд во одредени институции, на пример, во Министерството за внатрешни работи во Србија[31], кои постојано се повикуваат на правото на приватност или на доверливост, за да не им откријат на новинарите и истражувачите информации за наводни и осудени воени злосторници. Инаку, повеќето од списите од предметите и доказите од судењата за воени злосторства во Србија, не им се лесно достапни на новинарите, истражувачите и на пошироката јавност[32].

Во **Албанија**, иако нејзиниот закон за СПИ е можеби најстариот, а комесарот за информации најактивен во регионот, кога станува збор за следењето и упатувањето критики до јавните власти, законодавните

31 Повереникот за информации му наложи на МВР Србија да му достави податоци на БИРН https://balkaninsight.com/2020/12/25/%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b5%d1%80%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%ba%d0%be%d1%82-%d0%b7%d0%b0-%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8-%d0%b-c%d1%83-%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%be%d0%b6%d0%b8-%d0%bd/?lang=mk

32 Одбиен пристап: Повеќето документи за воените злосторства на Балканот, се недостапни за јавноста https://balkaninsight.com/2020/09/28/%d0%be%d0%b4%d0%b1%d0%b8%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bf-%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b5%d1%9c%d0%b5%d1%82%d0%be-%-d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8-%d0%b7%d0%b0/?lang=mk

институции не постапуваат и не работат на транспарентен начин.

Во текот на минатата година, не беше во целост одговорено на ниту едно барање поднесено од БИРН **- 45%** беа делумно одговорени, **22%** беа одбиени, а на останатите **33%** воопшто не беше одговорено.

Најлоша институција е Министерството за здравство, кое одби да ни достави копии од договори и навремено да ни одговори на барањата. Во долната табела се претставени јавните органи (институции), бараните документи врз основа на СПИ и добиените одговори. Новинарите на БИРН, вкупно поднесоа 9 барања за СПИ, до следните институции:

| ИНСТИТУЦИЈА: | | БАРАН ДОКУМЕНТ: | ОДГОВОР: |
|---|---|---|---|
| 1 | Парламент на Албанија | Документи за изборот на членови и претседател на новиот одбор на Агенцијата за медиуми | Делумен одговор |
| 2 | Суд во Тирана | Судски одлуки за предмети за клевета | Делумен одговор |
| 3 | Апелациски совет | Судски документи поврзани со административна истрага | Делумен одговор |
| 4 | Виш инспектор за правда | Документи поврзани со административна истрага | Одбиено |
| 5 | Орган за управување со списите на поранешната тајна служба | Статистички извештаи за бројот на шпиони и субјекти кои биле шпионирани за периодот 1980-1990 година | Без одговор |
| 6 | Министерство за правда | Копии од договори | Без одговор |
| 7 | Министерство за здравство | Копии од договори | Одбиено |
| 8 | Специјална канцеларија за борба против корупција (СПАК) | Информации за тајни тендери спроведени за време на вонредната состојба во Албанија | Без одговор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | Министерство за инфраструктура и енергија на Албанија | Документи, договори и меморандуми за разбирање, врзано за неколку кинески инвестиции во Албанија | Делумен одговор |

Табела 5: Рангирање на институциите во Албанија, врз онова на нивниот одговор на барањата за СПИ

Во **Босна и Херцеговина**, БИРН поднесе 5 барања. Единствената институција што одговори на барањата беше Федералното Министерство за раселени лица и бегалци. Сепак, во нивниот одговор не беа откриени бараните информации. Тоа беше само делумен одговор.

На повеќето од поднесените барања за СПИ, не беше даден одговор (**80%**); а на останатите **20%**, беше одговорено само делумно.

БИРН Босна и Херцеговина побара информација, но не доби одговор од ниту една политичка партија, за финансиските извештаи на донациите од странство. Врз основа на анализата на поднесените барања во Босна и Херцеговина, во табелата подолу се прикажани видот на бараните документи и одговорите добиени од институциите:

| ИНСТИТУЦИЈА: | | БАРАН ДОКУМЕНТ: | ОДГОВОР: |
|---|---|---|---|
| 1 | Федерално Министерство за раселени лица и бегалци | Финансиски извештај за донации од странство | Делумен одговор |
| 2 | Партија за демократска акција (СДА) | Финансиски извештај за донации од странство | Без одговор |
| 3 | Хрватска демократска заедница на Босна и Херцеговина (ХДЗ БиХ) | Финансиски извештај за донации од странство | Без одговор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Сојуз на независни социјалдемокраи (СНСД) | Финансиски извештај за донации од странство | Без одговор |
| 5 | Суд на Босна и Херцеговина | Одлука за престанок на притвор и изрекување на мерки за забрана | Без одговор |

Табела 6: Рангирање на институциите во Босна и Херцеговина, врз основа на нивниот одговор на барањата за СПИ

Во **Косово**, во текот на минатата година, БИРН достави 248 барања за СПИ до различни владини институции, јавни претпријатија и до локалните власти.

Бараните документи се однесуваа на даночни пријави, на детали за процесот на избор на членови на одбори, на политики поврзани со Ковид-19, трошоци (сметки), финансиски извештаи, записници од состаноци и детали за јавни набавки. Повеќето од барањата беа целосно одговорени (**52%**), иако повеќето од нив беа одговорени со задоцнување (по законскиот рок). **40%** воопшто не беа одговорени, а само **8%** беа одбиени.

Во табелата што следи, се дава увид за одговорноста и транспарентноста на институциите, за бараниот вид на документи и за добиениот официјален одговор:

| | ИНСТИТУЦИЈА: | БАРАН ДОКУМЕНТ: | ОДГОВОР: |
|---|---|---|---|
| 1 | Даночна управа на Косово | Договори, даночни декларации, резултати од тестирања | Целосен одговор |
| 2 | Централна банка на Косово | Членови на одбор, нови политики, Биро за осигурување | Целосен одговор |
| 3 | Министерство за финансии | Потврди за трошоци, одлуки | Целосен одговор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Министерство за економија | Потврди за трошоци, детали за договор | Целосен одговор |
| 5 | Кабинет на претседателот (последен квартал) | Потврди за трошоци | Целосен одговор |
| 6 | Министерство за здравство | Списоци на комитети, трошоци | Без одговор |
| 7 | Полиција | Одлуки, детали за случајот | Без одговор |
| 8 | Кабинет на премиерот | Записници од состаноци, потврди за трошоци | Без одговор |
| 9 | Универзитетот во Приштина | Списоци на професори со кои е склучен договор | Одбиено |
| 10 | Косовски Телеком | Договори и детали за јавните набавки | Одбиено |

Табела 7: Рангирање на институциите во Косово, врз онова на нивниот одговор на барањата за СПИ

Во **Северна Македонија**, БИРН достави 41 барање до Кабинетот на претседателот, до министерствата, локалните општини, судовите, судскиот совет, музеите, јавното обвинителство, народниот правобранител и до политичките партии.

Повеќето од поднесените барања за СПИ беа целосно одговорени (**47%**); **10%** беа делумно одговорени; **3%** беа одбиени; а на преостанатата половина од барањата воопшто не беше одговорено (**40%**). Одбиените барања беа од опозициска политичка партија.

Во табелата што следи, се дава увид за одговорноста и транспарентноста на институциите, за бараниот вид на документи и за добиениот официјален одговор:

| | ИНСТИТУЦИЈА: | БАРАН ДОКУМЕНТ: | ОДГОВОР: |
|---|---|---|---|
| 1 | Претседател на Северна Македонија | Меморандум за разбирање потпишан со Кина | Целосен одговор |
| 2 | Министерство за одбрана | Меморандум за разбирање за донација од Кина | Целосен одговор |
| 3 | Министерство за здравство | Копија од договор за донација | Целосен одговор |
| 4 | Судски совет на РСМ | Детали за случај | Без одговор |
| 5 | Археолошки музеј на РСМ | Износ на средства за реконструкција на објектот за периодот 2014-2019 | Без одговор |
| 6 | Политички партии во РСМ/ ВМРО ДПМНЕ | Трошоци за изборната кампања 2020 | Без одговор / Одбиено |
| 7 | Народен правобранител | Список на компании и износ на даночни ослободувања за 2018-2019 | Делумен одговор |
| 8 | Апелациски суд | Детали за случај | Делумен одговор |
| 9 | Министерство за култура | Износ на средства за реконструкција на Македонскиот народен театар за периодот 2014-2019 | Целосен одговор |
| 10 | Јавно обвинителство | Годишен извештај за 2019 | Без одговор |

Табела 8: Рангирање на институциите во Северна Македонија, врз онова на нивниот одговор на барањата за СПИ

Според законот во **Србија** (Дел IV, став 22), не може да се поднесуват жалби до Кабинетот на комесарот против одлуките на Националното собрание, Претседателот на Република Србија, Владата на Република Србија, Врховниот касационен суд на Србија, Уставниот суд и

Републичкиот јавен обвинител. Така, во практика, Владата на Србија обично одбива или не одговара на барањата на новинарите.

Во табелата подолу, се сумира институционалната транспарентност во однос на барањата на БИРН, во текот на минатата година. Важно е да се напомене дека повеќето од барањата беа одговорени, а на повеќето од останатите, воопшто не беше одговорено. Во 2020, БИРН поднесе 55 барања за СПИ, до различни институции на Србија. На **53%** од барањата беше одговорено, на **11%** беше делумно одговорено; **5%** од барањата беа одбиени, а на **31%** воопшто не беше одговорено.

Важно е да се напомене дека за повеќето барања, одговор дојде од судовите и обвинителствата во Србија. Сепак, обвинителствата не беа високо рангирани на скалата за транспарентност, бидејќи нивните одговори беа само технички, со известување до барателот (новинарот на БИРН) дека не го поседуваат бараниот документ. А кога јавноста со нетрпение бараше да слушне повеќе новости за случувањата со Ковид-19, битните здравствени институции во земјата, вклучително и Владата, која управува со кризата, воопшто не одговорија.

Во следната табела, се дава увид за одговорноста и транспарентноста на институциите, за бараниот вид на документи и за добиениот официјален одговор:

| | ИНСТИТУЦИЈА: | БАРАН ДОКУМЕНТ: | ОДГОВОР: |
|---|---|---|---|
| 1 | Влада на Србија | Податоци за Ковид-19 / Финансиски стимулации за Србите во Црна Гора | Без одговор |
| 2 | Републички фонд за здравствено осигурување на Србија | Ковид-19 | Без одговор |
| 3 | Институт за јавно здравје на Србија | Ковид-19 | Делумен одговор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Виши судови | Странски воени зони | Целосен одговор |
| 5 | Обвинителство за организиран криминал, Србија | Детали за случај | Целосен одговор |
| 6 | Министерството за трговија на Србија | Извоз на оружје | Делумен одговор |
| 7 | Обвинителство за воени злосторства, Србија | Детали за случај | Целосен одговор |
| 8 | Републичка дирекција за имотот на Република Србија | Детали за договор за продажба на државен имот | Без одговор |
| 9 | Републички геодетски завод на Србија | Детали за договор за продажба на државен имот | Одбиено |
| 10 | Министерство за внатрешни работи на Србија | Меѓународно апсење и документи за баран воен злосторник | Одбиено |

Табела 9: Рангирање на институциите во Србија, врз онова на нивниот одговор на барањата за СПИ

# Отворено владино партнерство - Предизвици и оценки за институционалната отвореност: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија

*Отворено владино партнерство, ОВП, е иницијатива што се залага за поотворени и потранспарентни влади. Приклучувајќи се на оваа иницијатива, владите се согласија да се обврзат на поголема транспарентност, со цел подобро да им служат на своите граѓани*

За да се оцени отвореноста на владите во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и во Србија, и нивната усогласеност со ОВП, БИРН, таму каде што беше применливо, ги анализираше зацртаните обврски и објавените извештаи.

Сите балкански земји, освен Косово, ѝ се приклучија на иницијативата, која има за цел да обезбеди конкретни обврски, од страна на националните и на локалните власти, во насока на промовирање на отворена Влада, зајакнување на граѓаните, борба против корупцијата и искористување на нови технологии за зајакнување на управувањето.

За да се приклучат кон ОВП, земјите треба да ја потпишат Декларацијата за отворена Влада, која се залага за признавање, препознавање, прифаќање и зачувување на вредностите на отвореност и ангажман со граѓаните, за управување со јавните документи и прифаќање на транспарентноста.

Како втора фаза, членовите на ОВП развиваат Национални акциски планови. Националниот план обично ги подготвува јавна институција, која е делегирана од страна на Владата, за да го надгледува процесот на ОВП. Во консултации со граѓанското општество, делегираната институција планира и презентира конкретни обврски, во период од две години, пред поширока група (од различни јавни институции и организации на граѓанското општество), заради финализирање на обврските. Сите пет земји од Балканот, утврдија конкретни обврски во Националните акциски планови и назначија министерства што ќе го водат процесот.

Според дефиницијата за одговорност во рамките на ОВП, за земјите да бидат членки со добра позиција и активен статус, тие треба да изработуваат периодични извештаи за самопроценка, но и да бидат оценети од страна на Независен механизам за известување (НМИ) – кој составува извештаи во кои се проценува планирањето и спроведувањето на обврските, донесени од владите учеснички во ОВП, во рамките на акцискиот план на нивната земја.

За циклусот на известување 2018-2020, само Албанија[33] и Србија[34] го објавија извештајот за самопроценка на крајот на циклусот. И двете земји ги објавија извештаите во декември 2020 година. Се очекува објавување на извештаите на Босна и Херцеговина, Црна Гора и на Северна Македонија. Исто така, само Србија и Албанија, ги објавија своите нови акциски планови за 2020-2022.

**Со пристапувањето кон ОВП**, земјите членки ги прифаќаат следниве критериуми, врз основа на кои е правен и овој извештај, кој ги одразува разликите, предизвиците, напредокот или неактивноста на земјите членки:

- Пристап до информации
- Граѓанско учество
- Слобода на изразување, здружување и собирање
- Транспарентност и отчетност

Дел од обврските, односно заложбите, предложени од секоја од државите, во нивните акциски планови (2018-2020), се однесуваат на отворените податоци, антикорупцијата, јавните набавки, развојот на е-управувањето, донесувањето на закони за поддршка на транспарентноста на јавните институции итн. Но, и покрај ветувањето дека ќе бидат потранспарентни и поотворени, овие земји сѐ уште се борат да ги исполнат обврските.

Покрај тоа, БИРН ги спореди, ги анализираше и ги процени наведените заложби од Националните акциски планови, инволвираните институции, наодите од извештаите на НМИ и извештаите за самопроценка (за Албанија и за Србија). За секоја обврска, имаше барем една институција

33 Извештај за самопроценка на крајот на циклусот https://www.opengovpartnership.org/wp-content/uploads/2020/12/Albania_End-of-Term_Self-Assessment_2018-2020_EN.pdf

34 Извештај за самопроценка на крајот на циклусот https://www.opengovpartnership.org/wp-content/uploads/2020/12/Serbia_End-of-Term_Self-Assessment_2018-2020_EN.pdf

која беше делегирана како орган што ќе ги извршува и ќе настојува да ги постигне целите. БИРН наведува 20 институции, 4 од секоја држава, рангирани од најдобри до најлоши, врз основа на нивниот направен напредок и исполнетите обврски и заложби.

| Бр. | Држава: | Институција: | Заложба: | Исполнување: |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Албанија | Министерство за финансии и економија | Заложба 1: Отворено управување за зголемување на транспарентноста на владиното известување и подобрување на пристапот до информации | Мало |
| 2 | Албанија | Национална агенција за информатичко општество (НАИО) | Заложба 2: Отворено управување заради модернизирање на јавните услуги и е-Владата | Средно |
| 3 | Албанија | Одделение за развој и добро управување при Кабинетот на премиерот | Заложба 3: Отворено управување за подобра регулатива | Мало |
| 4 | Албанија | Министерство за правда | Заложба 4: Отворено управување за создавање на безбедни заедници | Мало |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Босна и Херцеговина | Агенција за јавни набавки на Босна и Херцеговина | Заложба 1: Отворени податоци за јавни набавки | Средно |
| 6 | Босна и Херцеговина | Агенција за статистика на Босна и Херцеговина | Заложба 4: Зголемување на достапноста, отвореноста и употребата на официјалните статистички податоци | Мало |
| 7 | Босна и Херцеговина | Министерство за правда на Босна и Херцеговина | Заложба 5: Вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање на политиките | Мало |
| 8 | Босна и Херцеговина | Министерство за финансии и трезор на Босна и Херцеговина | Заложба 7: Изработка на буџет за граѓаните | Мало |
| 9 | Црна Гора | Министерство за јавна управа (МЈУ) | Заложба 1: Национален идентификациски документ | Мало |
| 10 | Црна Гора | Генерален секретаријат на Владата на Црна Гора | Заложба 3: Проактивно објавување на информации | Мало |
| 11 | Црна Гора | Министерство за јавна управа; Министерство за внатрешни работи | Заложба 4: Ефикасна наплата на административни такси | Мало |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Црна Гора | Министерство за финансии, Даночна управа | Заложба 5: Електронска достава на пријави за данок на имот | Мало |
| 13 | Северна Македонија | Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации | Заложба 1 (тема): Пристап до информации. Проактивно објавување, промоција на електронскиот пристап и зголемена свест на граѓаните за нивните права на слободен пристап до информации од јавен карактер; | Средно |
| 14 | Северна Македонија | Државна комисија за спречување на корупција | Заложба 2: Интегритет и добро владеење: напреден механизам за мониторинг на имотниот статус на избраните и на именуваните функционери | Мало |
| 15 | Северна Македонија | Министерство за финансии | Заложба 3: Фискална транспарентност: можност за објавување на основни информации за јавни набавки на веб-сајтовите на институциите | Мало |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Северна Македонија | Министерство за правда | Заложба 6 (тема): Пристап до правдата: развој на пристапот до правда; подобрување на пристапот до правдата за маргинализираните групи граѓани | Средно |
| 17 | Србија | Министерство за финансии | Заложба 1: Објавување на Законот за буџет на Република Србија во машински-читлив формат | Мало |
| 18 | Србија | Канцеларија за соработка со граѓанското општество | Заложба 2: Изработка на е-календар на јавните повици за финансирање на проекти и програми на граѓанските организации, од буџетските средства, до телата на јавната администрација на Република Србија (е-календар за финансирање на граѓанско општество) | Мало |
| 19 | Србија | Министерство за заштита на животната средина | Заложба 3: Објавување на податоци за фондовите за заштита на животната средина | Мало |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20 | Србија | Министерство за државна управа и локална самоуправа - канцеларија за информатички технологии и е-управа | Заложба 4: Објавување на податоци од јавни повици за финансирање на здруженија и развој на медиумите | Мало |

Табела 10: 20-те институции на ОВП[35]

**Албанија** стана членка на ОВП во 2011 година и оттогаш го префрла раководењето со ОВП од една на друга институција, но притоа не ги спроведува во целост своите обврски, како што се: фискалната транспарентност, јавните услуги, пристапот до информации, јавната администрација и борбата против корупцијата.

Во четвртиот акциски план (2018-2020), Албанија се обврза дека ќе спроведе реформи во јавната администрација, кои се релевантни за тековниот процес на интеграција на земјата, во Европската унија (ЕУ). Забележителните активности вклучуваат креирање на отворен портал за податоци (Заложба 2) и охрабрување на граѓаните да користат онлајн платформи за пријавување на корупција (Заложба 4). Граѓанското општество во голема мера отсуствуваше од развојот на овие заложби, а неговиот придонес кон конечниот акциски план беше ограничен. Албанија би можела да размисли, во следниот акциски план, да ги вклучи и заложбите за подобрување на транспарентноста на јавните набавки и на судството.

35 20-те институции на ОВП, кои БИРН ги анализираше и ги рангираше

Четвртиот акциски план[36] беше предводен од Одделот за развој и добро управување при кабинетот на премиерот. Генерално, на граѓанското општество во Албанија не му беше понудена можност да предложи обврски или да даде приоритет на одредени области. Отсуството на наменски форум на заинтересираните страни, значително ги ограничи можностите на граѓанското општество да се вклучи во процесот на ОВП, што доведе до незаинтересираност на граѓанското општество за четвртиот акциски план.

Четирите обврски во акцискиот план произлегуваат од постоечките стратешки документи за добро управување и реформа на јавната администрација. Обврските главно имаат за цел да ја подобрат транспарентноста на јавните финансии, пристапот до јавните услуги и регулативата за јавната администрација. Она што е забележително е што обрската 4 има за цел зајакнување на телата за борба против корупцијата во Албанија, создавање на онлајн систем за пријавување на имотот на јавните службеници и охрабрување на граѓаните да користат онлајн платформи за пријавување на корупција[37]. Сепак, врз основа на извештајот за самопроценка, на крајот од циклусот во Албанија[38], само првата обрска е делумно имплементирана, додека останатите 3 се имплементирани во целост.

| | |
|---|---|
| **Заложба 1:** | Отворено управување за зголемување на транспарентноста на владиното известување и подобрување на пристапот до информации |
| **Заложба 2:** | Отворено управување за модернизирање на јавните услуги и е-влада |

36 ОВП, Албанија, акциски план 2018-2020 https://www.opengovpartnership.org/wp-content/uploads/2019/01/Albania_Action-Plan_2018-2020_EN.pdf

37 ОВП, Албанија 2018-2020 https://www.opengovpartnership.org/documents/albania-design-report-2018-2020/

38 Извештај за самопроценка на крајот на циклусот https://www.opengovpartnership.org/wp-content/uploads/2020/12/Albania_End-of-Term_Self-Assessment_2018-2020_EN.pdf

| | |
|---|---|
| **Заложба 3:** | Отворено управување за „подобра регулатива“ |
| **Заложба 4:** | Отворено управување за создавање на безбедни заедници |

Табела 11: Обврските на Албанија од четвртиот акциски план (2018-2020)

Според извештајот за самопроценка на крајот на циклусот[39], Албанија завршила 3 од 4-те обврски (заложби). Сепак, првата заложба и натаму бара многу работа, за да се видат конкретните крајни резултати од владината транспарентност.

**Босна и Херцеговина** последна се приклучи на партнерството, во 2014 година. Нејзината комплексна институционална поставеност и политичкиот систем, влијаеа на нејзиниот ангажман во ОВП, уште од почетокот на приемот. Нејзиниот прв акциски план беше развиен со придонес и информации од граѓанското општество и беше објавен во 2019 година. Обврските (заложбите) се поврзани со тековни проекти, наместо со нови иницијативи, и вклучуваат пристап до отворени податоци, транспарентност на јавните набавки, јавни консултации и планови за интегритет во јавните институции.[40]

На дел од заложбите од акцискиот план, веќе се работи; додека другите се поврзани со пошироки владини иницијативи или планови, обезбедувајќи континуитет во работата - како што се отворање на бази на податоци, рационализација на плановите за интегритет и подобрување на механизмите за учество на граѓанското општество.

Акцискиот план содржи седум обврски. Особено важни, со умерено

39 Извештај за самопроценка на крајот на циклусот https://www.opengovpartnership.org/wp-content/uploads/2020/12/Albania_End-of-Term_Self-Assessment_2018-2020_EN.pdf

40 Босна и Херцеговина, извештај 2019-2021 https://www.opengovpartnership.org/documents/bosnia-and-herzegovina-design-report-2019-2021/

потенцијално влијание, се оние што се однесуваат на транспарентноста на јавните набавки и на вклучувањето на граѓанското општество, во подобрување на учеството во процесите на креирање политики. Другите обврски со помало потенцијално влијание, се однесуваат на отворените податоци, на проактивната транспарентност на институциите на Босна и Херцеговина и за прв пат, на креирање на буџет за граѓаните. Од тековните зацртани обврски, Босна и Херцеговина покажува многу мал напредок во исполнувањето на поставените рокови и цели. Сепак, и покрај фактот дека акцискиот план се залага за подобрување на транспарентноста и достапноста на податоците за набавките, потребни се мерки за зајакнување на мониторингот и на санкциите за спречување и справување со корупцијата во јавните набавки.

Накратко, Босна и Херцеговина, треба да се посвети на олеснувањето на меѓусекторската соработка и на развојот на институционални механизми за решавање на недостатоците во следењето и истражувањето на корупцијата во делот јавни набавки.

| | |
|---|---|
| **Заложба 1:** | Отворени податоци за јавни набавки |
| **Заложба 2:** | Развој на веб-платформа за онлајн изготвување на планови за интегритет во институциите |
| **Заложба 3:** | Развој на модули за обука преку интернет, за државните службеници во процесот на изготвување и спроведување на плановите за интегритет |
| **Заложба 4:** | Зголемување на достапноста, отвореноста и употребата на официјални статистички податоци |
| **Заложба 5:** | Вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање политики |
| **Заложба 6:** | Подобрување на транспарентноста во институциите на БиХ |
| **Заложба 7:** | Изготвување на буџет за граѓаните |

Табела 12: Заложбите на Босна и Херцеговина од првиот акциски план (2019-2021)

**Црна Гора**, која се приклучи во 2012 година, сè уште се соочува со потешкотии во внатрешното раководство, врзано за справувањето со ОВП и следење на развојот на институциите што презеле обврски во рамките на овој процес. Сепак, со вториот акциски план на Црна Гора (2018-2020), се заврши долгиот период на неактивност на ОВП во оваа земја. Планот се однесуваше на транспарентноста на буџетот, учеството на јавноста и на електронските услуги. Повеќето заложби произлегуваат од тековната реформа на јавната администрација во земјата и од процесот на пристапување кон ЕУ. Што е најважно, Црна Гора треба да ги унапреди долгорочните стратешки цели и да ја зајакне транспарентноста во делот за јавната потрошувачка, пристапот до информации и за алатките за учество на јавноста.

Активностите вклучени во вториот план беа: проширување на онлајн алатките за учество на јавноста, подобрување на буџетската транспарентност и студија за заштита на укажувачите. Другите активности вклучуваат реформи во внатрешната администрација, како што се националниот документ за идентификација, наплатата на такси и пријава на данокот преку интернет; во овој контекст, многу пресвртници се однесуваат на техничко подобрувања на порталите или на студии за препораки[41].

Процесот на косоздавање го водеше оперативен тим (ОТ), кој служеше како форум на повеќе засегнати страни во Црна Гора. Заинтересираните страни на граѓанското општество, имаа можности да учествуваат и да доставуваат предлози, за време на состаноците на ОТ и преку дополнителни онлајн консултации. Сепак, краткиот временски рок за развој на планот, не даде можност за поголем ангажман за идно подобрување.

Главно, заложбата 2 (е-демократија: подобрување на онлајн алатките за

41 ОВП, Црна Гора https://www.opengovpartnership.org/documents/montenegro-design-report-2018-2020/

јавни консултации) вклучуваше проширување на онлајн јавното учество и алатки за е-петиција. Заложбата 6 (подобрена антикорупциска политика) вклучува развој на визуелни презентации на државните и на локалните буџети и објавување на граѓански брошури, како и спроведување на компаративна студија за заштита на укажувачите[42].

Но, речиси ниту една од обврските не е исполнета, бидејќи граѓаните сè уште се соочуваат со тешкотии во пристапот до податоците за услугите на локалната самоуправа и за трошењето на даночните приходи, не се преземени активности за подобрување на антикорупциските политики и не се објавуваат редовно тековни податоци на веб-страниците на јавните институции.

| | |
|---|---|
| **Заложба 1:** | Национален идентификациски документ |
| **Заложба 2:** | Е-демократија, подобрување на онлајн алатките за јавни консултации |
| **Заложба 3:** | Проактивно објавување на информации |
| **Заложба 4:** | Ефикасна наплата на административни такси |
| **Заложба 5:** | Електронска достава на пријави за данок на имот |
| **Заложба 6:** | Унапредени антикорупциски политики |

Табела 13: Заложби на Црна Гора од Вториот акциски план (2018-2020)

**Северна Македонија** се приклучи на иницијативата ОВП во 2011 година и сè уште се бори да биде поотворена и да ги постигне зацртаните области на кои го стави својот фокус. Исто така, таа има најголем број поставени обврски.

Најновиот, четврт Национален акциски план (2018-2020) се фокусира на: отворен парламент, пристап до правдата, транспарентност на локално ниво. Вклучува вкупно 23 заложби, од кои 18 се дел од 7 главни теми:

42 Извештај за Црна Гора https://www.opengovpartnership.org/wp-content/uploads/2020/06/Montenegro_Design_Report_2018-2020_EN.pdf

пристап до информации, интегритет и добро управување, фискална транспарентност, отворени податоци, транспарентност на локално ниво, пристап до правдата и климатски промени. Покрај тоа, акцискиот план вклучува пет заложби согласно иницијативата Отворен парламент за Собранието на Република Северна Македонија. Овие пет обврски беа организирани во три теми: 1) одговорност, 2) подобрена инфраструктура на информациско-комуникациската технологија (ИКТ) и 3) учество на граѓаните[43].

Северна Македонија не успеа да воспостави тематски форум на засегнатите страни за ОВП. Таа треба да даде приоритет на темите, како што се отворени податоци, пристап до правдата и транспарентност на сопственоста.

Во четвртиот акциски план, Владата на Северна Македонија се фокусираше на премногу обврски, со што не успеа да постигне напредок во најважните области, како што се фискалната транспарентност и пристапот до правдата.

Покрај тоа, во четвртиот акциски план беа опфатени главните теми од претходните акциски планови, како што е пристапот до информации, фискалната транспарентност, отворени податоци и подобрување на отвореноста на локално ниво. Планот вклучи и нови области на политиките, како што се пристапот до правдата и заложбите на Собранието на Република Северна Македонија. Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) продолжи да го води процесот на учество за четвртиот акциски план[44].

Собранието на Северна Македонија одржа консултации за спроведување на заложбите за отворен Парламент, во кои беа вклучени вработени во

43 ОВП, Северна Македонија https://www.opengovpartnership.org/members/north-macedonia/

44 Извештај за Северна Македонија https://www.opengovpartnership.org/documents/north-macedonia-design-report-2018-2020/

Собранието, претставници на граѓанското општество и претставници на меѓународните организации.

Што е најважно, четвртиот акциски план вклучуваше креирање на база на податоци за „отворено финансирање“ (заложба 3.1), со податоци за сите трансакции што ги исплаќа Трезорот, како и податоци за буџетите на локалните самоуправи. Но, според опсервацијата на БИРН, постигнат е мал напредок и нема ажурирани финансиски податоци, достапни за пошироката јавност. Дополнително, заложбите за унапредување на пристапот до правдата (6.1) може значително да ја подобри правната рамка и да помогне во подобрувањето на пристапот до правните услуги (6.2) за маргинализираните и ранливи заедници, но не беа идентификувани конкретни услуги и механизми за некаков напредок.

| Тема: | Заложба: | |
|---|---|---|
| Пристап до информации (1): | Заложба 1: | Проактивно објавување, унапредување на електронскиот пристап и зголемување на свесноста на граѓаните за нивните права за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| | Заложба 2: | Основните податоци за регистрираните субјекти во Централниот регистар на РСМ (ЦРРСМ) да станат јавно бесплатно достапни на интернет-страницата на ЦРМ |
| | Заложба 3: | Мапирање на бездомници и социјално загрозени семејства и поединци |

| | | |
|---|---|---|
| Интегритет и добро управување (2): | Заложба 4: | Унапреден механизам за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица |
| | Заложба 5: | Соработка со граѓанскиот сектор за антикорупциска проверка на легислативата |
| Фискална транспарентност (3): | Заложба 6: | Отворен трезор |
| | Заложба 7: | Можност за објавување на основните информации за јавните набавки на интернет-страниците на институциите (договорни органи во јавните набавки) |
| | Заложба 8: | Унапредување на транспарентноста во спроведувањето на здравствените програми и воспоставување на механизам за оценување на влијанието на трошоците од овие програми врз крајните корисници, преку вклучување на граѓаните |
| | Заложба 9: | Унапредување на транспарентноста во спроведувањето на програмите за вработување и воспоставување на механизам за оценување на влијанието на трошоците од овие програми врз крајните корисници, преку вклучување на граѓаните |
| Отворени податоци (4): | Заложба 10: | Каталогизација и отварање на податочни сетови во институциите |
| | Заложба 11: | Регионални иницијативи за соработка на полето на отворени податоци |

| | | |
|---|---|---|
| Транспарентност на локално ниво (5): | Заложба 12: | Воспоставување на нови алатки за подобрување на финансиската транспарентност и отчетност на единиците за локална самоуправа (ЕЛС) и на социјалната инклузија |
| | Заложба 13: | Подобрување на јавните услуги преку институционална соработка на ЕЛС со граѓанските организации (ГО) |
| | Заложба 14: | Инклузивен начин на донесување на одлуки за поттикнување на локалниот и регионалниот развој |
| | Заложба 15: | До отпорно Скопје преку достапност до податоци |
| Пристап до правда (6): | Заложба 16: | Унапредување на пристапот до правда |
| | Заложба 17: | Унапредување на пристапот до правда за маргинализираните групи граѓани |
| Климатски промени (7): | Заложба 18: | Постигнување на системски промени преку подобрување на колективното знаење за климатски промени |
| Одговорност на Собранието (I): | Заложба 19: | Зајакнување на собраниската служба за да може Собранието да одговори на зголемените одговорности, преку пополнување на испразнети места и обука на службениците |
| | Заложба 20: | Зголемување на финансиската транспарентност на Собранието на РСМ |
| Подобрена инфраструктура на ИКТ во Собранието (II): | Заложба 21: | Подобар пристап до информации |
| | Заложба 22: | Целосно функционален собраниски ТВ канал |

| | | |
|---|---|---|
| Учество на граѓаните во процесите во Собранието (III): | Заложба 23: | Подобрување на учеството на граѓаните во законодавниот и надзорниот процес на Собранието |

Табела 14: Заложби од четвртиот акциски план на Северна Македонија (2018-2020)

**Србија**, која беше претпоследната земја што се вклучи во партнерството во 2013 година, исто како и Северна Македонија, има голем број поставени обврски. Од вкупно 15 обврски поставени во акцискиот план 2018-2020, таа не успеа да развие ИТ систем за поддршка на е-управувањето и не ги имплементираше предложените измени и дополнувања на законите, што требаше да ја подобрат владината транспарентност.

Отвореноста на српската Влада, во споредба со претходните години, не се промени значително. Иако јавната администрација продолжи да ги зголемува напорите за отвореност на податоците и дигитализација, проблематичната состојба во доменот на владеењето на правото и влошувањето на состојбата со слободата на медиумите, влијаеше на заложбите за отворена Влада. Донесени се два важни закони, кои вклучуваат подобри партиципативни механизми, но во практика, граѓаните имаа мала можност да го проверат владиниот учинок.

Според ОВП, учеството на засегнатите страни во овој процес во Србија е инклузивно, а владините и невладините чинители имаат еднакви права да предлагаат обврски, да ја утврдуваат агендата и да учествуваат во донесувањето на одлуки.

Иако работната група спроведе обемни консултации, некои владини тела, одговорни за важни области во спроведувањето на политиките, како што е фискалната транспарентност, не се согласија да ги преземат обврските предложени од граѓанското општество, ограничувајќи ја целокупната амбиција на акцискиот план. Како резултат на тоа, дури и оние заложби за клучни теми, како што е сопственоста над медиумите, се фокусираат

на мали технолошки подобрувања и немаат доволно ресурси за ефективно спроведување. Некои обврски беа пренесени од претходните акциски планови, но не беа јасно унапредени на начин да се спречи повторувањето на претходните предизвици[45].

Накратко, повеќето од заложбите имаа мало влијание или беа исполнети во мала мера. Сепак, во извештајот за самопроценката, Владата на Србија уверува дека постигнала добар напредок. Во него се наведува дека од вкупно 15 заложби (14 заложби и една препорака на Владата), 3 заложби (20%) во целост биле имплементирани, 9 (60%) биле значајно применети, 2 (13%) биле делумно спроведени, а за имплементацијата на една заложба (7%) не била покрената иницијатива. БИРН и натаму ќе ги следи заложбите од новиот акциски план (2020-2022).

Србија е единствената земја од регионот што во моментов спроведува 12 заложби од својот Национален акциски план 2020-2022.

45 Извештај за Србија 2018-2020 https://www.opengovpartnership.org/documents/serbia-design-report-2018-2020/

| Tema: | Obaveza: | |
|---|---|---|
| ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ/ | ЗАЛОЖБА 1: | Објавување на Законот за буџет на Република Србија, во машински читчив формат. |
| | ЗАЛОЖБА 2: | Изработка на е-Календар на јавни конкурси за финансирање на проекти и програми на организациите на граѓанското општество, од буџетските средства на органите за јавна управа на Република Србија. |
| | ЗАЛОЖБА 3: | Обезбедување на достапност на податоците за планирани и потрошени средста, во рамките на локалните фондови за заштита на животната средина. |
| | ЗАЛОЖБА 4: | Отворање на податоците од конкурсите за финансирање на работата на здруженијата и за суфинансирање на изработка на медиумски содржини од јавен интерес. |
| | ЗАЛОЖБА 5: | Изработка на Извештај/показател на ОГО (здруженија, фондации и добротворни установи) во отворен формат |
| | ЗАЛОЖБА 6: | Да се измени Правилникот за документацијата која се приложува во постапката за регистрација на медиумите во Регистарот на медиуми и технички да се унапреди приказот на податоци во Регистарот. |
| ИНТЕГРИТЕТНА ВЛАСТА (Б) | ЗАЛОЖБА 7: | Помош и следење на процесот на усвојување на ЛАП. |
| | ЗАЛОЖБА 8: | Ажурирање на бирачкиот список. |

| | | |
|---|---|---|
| **ИНТЕГРИТЕТНА ВЛАСТА (Б)** | ЗАЛОЖБА 9: | Поедноставување на административните постапки и регулативи – е-Хартија. |
| | ЗАЛОЖБА 10: | Воспоставување на електронска огласна табла, за сите органи на државната управа и на локалната самоуправа. |
| **ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ (Г)** | ЗАЛОЖБА 11: | Унапредување на проактивната транспарентност – на Информаторот за работата. |
| | ЗАЛОЖБА 12: | Измена на законот за слободен пристап до информациите од јавно значење. |
| **УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА (Д)** | ЗАЛОЖБА 13: | Поддршка на унапредувањето на соработката помеѓу органите на јавната управа и организациите на граѓанското општество, во процесот на подготовка, донесување и следење на примената на прописите. |
| | ЗАЛОЖБА 14 | Воведување на законски основи и воспоставување на електронски систем за е- Граѓанско изјаснување |
| **Владата препорачува** | | Јакнење на транспарентноста и партиципативноста на седниците на одборот на Народното Собрание надвор од седиштето. |

Табела 15: Обврски од Националниот акциски план на Србија (2018-2020)

Ниту една од петте земји од регионот, не успеа во заложбите да стане потранспарентна и дигитално достапна. Некои од нив имаа поставено премногу обврски (како Северна Македонија), со што не успеаја да направат конкретен напредок во клучните сектори. Други беа премногу амбициозни и пред себе си поставија високи заложби, при што воопшто не успеаја да постигнат напредок (како Босна и Херцеговина). Објавувањето на најнови ажурирани податоци на нивните веб-

страници, како што се финансиски извештаи, записници од состаноци на министерствата или други актуелни и важни јавни документи, се чини како долг процес, за да се спроведе во целост. Вклучувањето на актерите од граѓанското општество, во фазите на планирање, и натаму е уште еден од предизвиците за повеќето земји. Дури и оние кои во процесот го вклучија граѓанското општество, не ги имплементираа неговите препораки и предлози. Сите пет земји треба да се посветат на утврдувањето на јасни и остварливи заложби, да постават строги насоки за тоа како истите да се постигнат и, на крајот на секој мандат, да подготват извештаи за самопроценка, со повеќе детали за работата.

# „Чувари“ на слободниот пристап до информации од јавен карактер

## *Искуства и предизвици со тековните закони и практики*

Според законите за СПИ, именуваните со овие закони комесари/повереници/омбдусмени/агенции, се независни субјекти, кои треба внимателно да го следат спроведувањето на законот, да реагираат на повредите, да издаваат дисциплински пријави и што е најважно, да ги повикаат јавните институции на одговорност, кога нема достапни јавни податоци на нивните веб-страници.

Во обид да дознае повеќе за предизвиците и пречките со кои се соочуваат, но и за да ги претстави прелиминарните резултати за 2020 година, БИРН спроведе онлајн интервјуа со овие службени лица, во секоја од соодветните  шест земји во регионот.

## Албанија

Како што е наведено во Законот за правото на информација (закон бр. 119/2014)[46] Албанија има основано независно тело кое го надгледува спроведувањето на законот и се грижи за решавање на прашањата кога информациите не се обелоденети на адекватен начин.

46 Закон за право на информација Албанија, https://www.idp.al/wp-content/uploads/2016/11/LAW_119-2014.pdf

Кога првичниот закон беше изменет во 2014 година, тој ги опфати и прошири надлежностите на комесарот за заштита на правото на информации и заштита на личните податоци. Во Албанија, комесарот има право да користи дисциплински санкции против оние што го кршат законот за право на информации.

Проактивното остварување на правото на информации ја поттикнува транспарентноста и отчетноста на јавните органи, како еден од главните столбови на владеењето на правото. Во текот на 2020 година, канцеларијата на комесарот продолжи да ги следи јавните институции, преку **програми за транспарентност**, и во државната администрација и на локалното ниво; преку зајакнување на улогата на **координатор за информации**, ажурирање на регистрите со барања и одговори, разгледување на жалби, спроведување на административни истражувања, расправни сесии и донесување на препораки и одлуки[47].

Во текот на 2019 година, канцеларијата на комесарот ги објави следниве бројки во врска со нивните 3 столба за следење на јавните институции и следење на слободата на информации:

| | | |
|---|---|---|
| **246**<br>Јавни власти ја објавија **„Програмата за транспарентност"** | **236**<br>Јавни власти назначија **„Координатор за правото на информации"** | **189**<br>Јавни власти го објавија **„Регистарот на барања и одговори"** |

Табела 16: Евалуација од мониторингот на комесарот[48]

Комесарот, за 2020 година, сè уште не ги објавил резултатите од

47 Годишен извештај на Комесарот за информации и заштита на податоците за 2019 https://www.idp.al/wp-content/uploads/2020/03/Annual_Report_2019.pdf

48 Годишен извештај на Комесарот за информации и заштита на податоците за 2019 https://www.idp.al/wp-content/uploads/2020/03/Annual_Report_2019.pdf

мониторингот, кој го спроведе неговата канцеларија, но БИРН доби прелиминарни податоци. Според комесарот, **421** јавен орган во моментов е оперативен (објавува податоци на интернет), во споредба со 417 во 2019 година[49].

Многу институции ја обелодениja **програмата за транспарентност** и ја објавија на нивната веб-страница. Во 2019 година, 256 јавни органи ја објавија програма за транспарентност, додека **239** го направија тоа во 2020 година. Сепак, со објавување на програмата за транспарентност на интернет, не значи дека јавните органи објавиле квалитетни информации или тековни содржини.

Се чини дека голем број јавни органи назначија **координатор за правото на информација**. Но, не значи дека со неговото именување, тие станаа и поотворени. Според комесарот, на голем број координатори им треба обука за тоа работното место и тие треба да бидат вистински медијатори помеѓу институцијата и правото на информација. Сепак, комесарот изрази надеж дека нивната улога ќе продолжи да се зајакнува. Во 2019, 236 јавни органи именувале координатор. Исто и во 2020-тата, **236** јавни органи именувале **координатор (и ја објавиле информацијата за улогата на тој координатор)**.

Третиот столб, според мониторингот на комесарите, се чини дека е најмалку ефикасен, кога станува збор за следењето на правото на информација во Албанија. Во 2019, вкупно 189 јавни органи објавиле **Регистар на барања за пристап до информации и одговорите на тие барања**. Во 2020, **137** јавни органи, имаа регистар достапен на интернет. Сепак, по анализата на само 10 јавни органи (институции), БИРН забележа дека овие регистри не содржат никакви квалитативни информации, ниту, пак, комплетна копија на некој документ. Во регистарот едноставно се наведува датумот на применото барање, што е побарано и се забележува

49 Онлајн интервју со комесарот, господин Бесник Дервиши, спроведено на 29 октомври 2020. https://www.idp.al/wp-content/uploads/2020/03/Annual_Report_2019.pdf

дека не се наплаќа такса за обезбедување на бараната информација. Ниту еден регистар не содржеше директна врска до бараната информација или копија од бараните податоци (документ, нацрт-буџет, записник од состаноци, препораки за политика, итн.).

Исто како и во 2019, и во 2020 година канцеларијата на комесарот открила несовпаѓања помеѓу бројките пријавени од јавните органи и бројките презентирани во регистарот на барања и одговори на јавниот орган. Тие, исто така, заклучија дека во одредени случаи, јавните органи регистрирале како барања за информации, дури и барања на граѓани во врска со разни услуги што ги обезбедува јавниот орган, во рамките на нивните работни должности[50].




Табела 17: Резултати на комесарот, годишен извештај за 2019

Според прелиминарните податоци на комесарот, до октомври 2020 година, комесарот примил вкупно 537 жалби. Во 2019 година се примени 651 жалба. Забележително од опсервацијата на комесарот, за 2020 година, е големиот број примени барања за понатамошна елаборација.

50 Годишен извештај на комесарот https://www.idp.al/wp-content/uploads/2020/03/Annual_Report_2019.pdf

Комесарот добил 229 барања за понатамошна елаборација, врз основа на кои тој ги повикал јавните органи да обезбедат објавување на бараната информација од јавен карактер од нивната институција. Во 2019 година, бројот на вакви барања изнесувал 225.

Дури и за време на глобалната пандемија, комесарот внимателно ја следел состојбата со слободниот пристап до информациите, спроведувајќи **15 расправни сесии; 30 административни истраги и 46 случајни инспекции.**

**Комесарот, во интервју за БИРН, потенцира неколку работи што го загрижуваат, во врска со нивото на транспарентност на сите министерства:**

- **Програмите за транспарентност** не се ажурирани и недостасуваат неколку документи, кои требало да бидат објавени во согласност со членот 7 од законот „за право на информација“. Поточно, информациите за буџетот, за набавките и ревизорските извештаи, сè уште не се објавени.
- **Координаторите за правото на информации,** бараат повеќе стручно оспособување и развој, за правото за пристап до информации од јавен карактер, бидејќи повеќето од нив немаат доволно познавање на правната рамка, со што спроведувањето на законот се става на несоодветно ниво.

Канцеларијата на комесарот има добиено вкупно 72 жалби од новинари и претставници на медиумите (за периодот 11.03.2020 - 23.06.2020), од кои 42 се исполнети за време на разгледувањето на жалбата, додека за 3 од нив канцеларијата на комесарот донела решение. Во тек се административни проверки на други 27 жалби. Следната табела ги сумира поднесените претставки од новинари и медиуми:

| Јавен орган | Пристигнати жалби: |
|---|---|
| Аеродром „Мајка Тереза“ | 1 |
| Агенција за јавни набавки | 1 |
| Агенција за територијален развој | 1 |
| Национална крајбрежна агенција | 1 |
| Алб Петрол ш.а | 1 |
| Национална агенција за животна средина | 6 |
| Капетанија на пристаништа во Драч | 1 |
| Албанска управа за патишта | 1 |
| Банка на Албанија | 1 |
| Општини | 21 |
| Национален инспекторат за културно наследство | 2 |
| Регионален совет на Тирана | 1 |
| Независна комисија за квалификации | 2 |
| Централна изборна комисија | 1 |
| Парламент на Албанија | 1 |
| Министерство за правда | 2 |
| Министерство за финансии и економија | 1 |
| Министерство за здравство и социјална заштита | 9 |
| Министерство за култура | 1 |
| Министерство за образование, спорт и млади | 1 |
| Министерство за туризам и животна средина | 5 |
| Министерство за внатрешни работи | 1 |
| Оператор за дистрибуција на електрична енергија (OSHEE) | 2 |
| Универзитетски болнички центар во Тирана (QSUT) | 1 |
| Универзитетска болница „Шефќет Ндроќи“ | 1 |
| Универзитетски болнички центар за траума | 2 |
| Агенција за водовод и канализација | 1 |
| Обвинителство во Тирана | 1 |

| | |
|---|---|
| Општо обвинителство | 1 |
| Политехнички универзитет во Тирана | 1 |

Табела 18: Жалби што канцеларијата на комесарот ги примила во 2020 година

### Искуства/причини за загриженост на комесарот:

- Иако законот во практика постои 6 години, сѐ уште немаме доволно персонал за да можеме да ги оствариме сите наши обврски, како што тоа е предвидено со законот;
- Не беше воопшто лесно, бидејќи менталитетот на јавната администрација во Албанија не е отворен менталитет. Никогаш и не бил. Во реалноста, со која се соочивме, секој официјален документ се сметаше за доверлив, и затворен. Но напротив, секој официјален документ е отворен документ. И ние работиме напорно на промена на овој стар административен менталитет.
- Имаше случаи кога јавните органи не сакаа да откриваат информации; едноставно затоа што не ги знаеа законските обврски или поради недостиг на професионализам.
- Што е најважно, назначувањата или изборот на координаторите за право на информација, во секоја јавна институција, треба да се засноваат на професионални компетенции; и улогата на координаторот треба подобро да биде разјаснета (јасни услови и одговорности).

## Босна и Херцеговина

Во Босна и Херцеговина, институцијата Омбудсман за човекови права на Босна и Херцеговина, врши мониторинг и го набљудува правото на пристап до информациите. Омбудсманот на Босна и Херцеговина[51], во согласност со одредбите од Законот за омбудсманот за човекови права на Босна и Херцеговина и важечките закони за слободен пристап до информации[52], спроведува истраги, а во случај на повреда на правото, испраќа препораки до одговорните власти, директно го известува повисокиот орган во случај на неспроведување на препораката и има овластување да подготвува и доставува водичи и општи препораки во врска со спроведувањето и примената на законите од оваа област.

Според Специјалниот извештај за искуствата во примената на законот за слободен пристап до информациите во Босна и Херцеговина[53], при имплементацијата на законот за слобода на пристапот до информации од страна на јавните органи, евидентни се слабости видливи од: одолговлекувањето на постапките за донесување на одлуки, донесување на решенија што не ги содржат сите со закон пропишани елементи (како вовед, диспозитив, образложение, поука за правниот лек), изостанок на обезбедување на вистински пристап до информациите. Како што се приметува во извештајот, во некои случаи, јавните органи не ја исполнуваат својата законска обврска да постапуваат по барањата за пристап до информации, добиени од трето лице.

Омбудсманот ги рангира добиените претставки во две категории: оние што се однесуваат на институционалните пропусти и оние што се однесуваат на празнините во законодавството.

51 Закон за омбудсманот за човекови права на Босна и Херцеговина http://www.legislationline.org/documents/id/6300

52 Закон за слободен пристап до информациите на БиХ http://hea.gov.ba/pristup-info/ZOSPI_2000-2013_eng.pdf

53 Специјалниот извештај на омбудсманот, декември 2019 https://www.ombudsmen.gov.ba/documents/obmudsmen_doc2020020515415139eng.pdf

Вкупниот број жалби што ги примил омбудсманот во 2019 година, во врска со повреда на правото за слободен пристап до информациите, е **275**, а самиот тој издал **57** препораки. Издадените препораки се однесуваат на молкот на администрацијата или на непостапувањето по барањата за пристап до информациите и жалби против првостепени одлуки, на необезбедувањето информации за достапните правни лекови во нивните одлуки, на повикувањето на исклучоци во ситуации кога бараната информација не претставува исклучок, на неспроведувањето на тест за јавниот интерес или спроведувањето на несоодветен тест за јавниот интерес, на неименувањето на службеници за информации и слично. Во 2020, омбудсманот примил **205** жалби и издал **64** препораки[54].

Жалбите се однесувале на јавните органи на сите нивоа на власт во Босна и Херцеговина, поради: недонесување на одлука, необезбедување на правото на правен лек, неефикасна реакција на инспекциите и поради неуспехот на надлежните органи да ги испочитуваат законските рокови при одлучување по барањата на засегнатите страни.

Членот 19 од Законот за слободен пристап до информациите, ги обврзува јавните институции да назначат службеник за информирање, кој ќе обезбеди обработка на барањата. Законот, исто така, ги обврзува јавните институции, да објават Водич за пристапот до информациите и индекс на Регистарот на информации. Омбудсманот изразува загриженост, врз основа на анализите на неговата канцеларија за 2019 година, што, иако сите јавни органи се должни да објават Водич за пристап до информациите и да имаат индекс на Регистарот на информации, тие не сториле ништо во врска со содржината и ажурирањето на фактите, во смисла да бидат достапни за пошироката јавност. Општо земено, јавните органи не вршат редовни ажурирања, особено кога станува збор за индексот на Регистарот на информации, со оглед на промените

54 Бројки добиени од кабинетот на омбудсманот, г-ѓа Ивона Ражнатовиќ, советник за комуникации и меѓународна соработка, преку е-пошта, на 27 ноември 2020 година

во надлежностите, дејствијата или другите околности, што влијаат на листата на информации што треба да бидат достапни за јавноста. И повеќето јавни органи не доставуваат статистички податоци за барањата за слободен пристап до информациите до законодавните тела и институцијата Омбудсман.

Резиме на пречките на кои се наидува кај јавните органи, кога станува збор за слободниот пристап до информациите, наведени од омбудсманот:

- Високо ниво на нееduцирани службеници во јавните тела;
- Неразбирање (или погрешно интерпретирање) на законот за слобода на пристапот до информациите;
- Неразбирање на односот помеѓу јавното тело и граѓаните, и дека јавните тела се на услуга на граѓаните;
- Невоспоставена структура на јавните тела за спроведување на законот,  не се донесени водичи, не е донесен индекс на информации, не е именуван службеник за информации и често се смета оти тие се, всушност, службеници за односи со медиумите;
- Лошо образложение на одлуките, донесени по барањата за пристап до информациите;
- Не е обезбеден баланс помеѓу јавниот интерес и заштитата на интересите што се однесуваат на приватноста на поединците;
- Не се донесуваат одлуки во роковите утврдени со законот;
- Непочитување на законските одредби за формата на одлучување;
- Актот на одлучување не содржи одредби за можноста за поднесување на жалба, ниту пак го содржи називот на второстепениот орган, кој одлучува по жалбите;
- Одбиените барања за пристап на информации често не содржат образложение за причината на одбивање, ниту образложение на тестот на јавното мислење.

Накратко, омбудсманот во Босна и Херцеговина, нема законско

овластување да преземе некакви санкции, или да повика на одговорност јавни институции кои не го почитуваат Законот за слободен пристап до информациите, туку може само да препорача и врши обука во јавните институции за тоа како да бидат законски одговорни и да дигитализираат повеќе податоци, за да станат поотворени за пошироката јавност.

### Искуства/причина за загриженост на Омбудсманот:

- Прашањата поврзани со слободниот пристап до информации, се разгледуваат во рамките на Одделот за граѓански и политички права, кој брои седум вработени и се занимава со сите случаи поврзани со кршење на граѓанските и политичките права.
- Согласно член 15 од Законот за омбудсмани, омбудсманите се независни и самостојни во својата работа. Омбудсманите не добиваат никакви наредби. Во рамките на нивните уставни и законски овластувања, ниту еден омбудсмани нема да добива инструкции од органите на власта. Омбудсманите ќе делуваат во рамките на уставните и законските одредби и меѓународните правни акти за човековите права и слободи, кои Босна и Херцеговина ги има ратификувано. Омбудсманите се должни, во својата работа, да се придржуваат до принципите на праведност и моралност, без никакви политички и други притисоци.

## Косово

Со новиот закон за пристап до јавните документи[55] во Косово, усвоен во средината на 2019, беше воспоставена Агенција за информации и приватност, како независно тело, одговорно за обезбедување на

55 Нов закон за пристап до јавните документи (јули 2019), Република Косово https://mapl.rks-gov.net/wp-content/uploads/2017/12/LAW_NO._06_L-081_ON_ACCESS_TO_PUBLIC_DOCUMENTS.pdf

имплементацијата на Законот за пристап до јавните документи и Законот за заштита на личните податоци, со цел да се заштитат основните права и слободи на физичките лица, во врска со обработката на личните податоци, но и го гарантира  пристапот до јавните документи.

Агенцијата за информации и приватност е основана според Законот за заштита на личните податоци[56] кој предвидува оваа агенција да ја претставува **комесар**, кого го назначува **Собранието на Косово** и тој е одговорен за обезбедување на имплементацијата на Законот за заштита на личните податоци и Законот за пристап до јавните документи. Меѓу другото, овие закони ги регулираат постапките за административна жалба, при што Агенцијата служи како второстепен орган, надлежен да им изрекува казни на јавните институции и на одговорните службени лица. Со оглед на тоа, надлежноста на омбудсманот (член 21 од Законот за пристап до јавните документи) е да им помага на граѓаните во остварувањето на нивното право за пристап до јавните документи согласно Уставот, закон за омбудсманот бр. 05 / L-01957.

Сепак, земјата не успеа, три пати по ред, да избере Комесар. Затоа, институцијата Омбудсман, продолжува да ги администрира жалбите за одбиен пристап до јавните документи.

Понатаму, трендот на зголемен број жалби доставени до омбудсманот, во врска со наводите за негирање на правото за пристап до јавните документи, драстично се намали во текот на минатата година. Така, во 2018 година, беше поднесена 61 жалба, од кои за 56 беа покренати истраги, додека во 2019 беа поднесени 106 жалби, од кои за 99 беше

56 Закон за заштита на личните податоци, Косово http://assembly-kosova.org/Uploads/Data/Documents/Lawno06L-082_NBuSkkM44v.pdf

57 Закон за Омбудсман, Косово https://www.oik-rks.org/en/2018/08/20/law-no-05-l-019-on-ombudsperson/

иницирана истрага[58]. Според прелиминарните податоци[59], во 2020, омбудсманот, за периодот 1-ви јануари – 4-ти ноември 2020, примил 43 жалби, од кои за 42 е иницирана истрага.




Табела 19: Број на жалби што ги примил омбудсманот, во периодот 2018-2020 година

Повеќето приговори што ги добил Омбудсманот во 2019, поврзани со пристапот до јавните документи, беа главно против јавните институции на централно ниво. **43%** беа поднесени против **министерства; 24%** против **општини, 8%** против **полицијата, 8%** против **други органи, 7%** против **судови, 3%** против **Универзитетот во Приштина, 3%** против **јавни претпријатија**; **2%** против **Обвинителскиот совет на Косово**, и **2%** против **Судскиот совет на Косово**[60].

58 Годишен извештај за 2019, на Омбудсманот на Косово https://www.oik-rks.org/en/2020/04/02/godisnji-izvestaj-2019/

59 Онлајн интервју со г-ѓа Мерита Гара, правен советник што ги следи поплаките за пристап до јавните документи, 6 ноември 2020

60 Годишен извештај за 2019 на Омбудсманот на Косово https://www.oik-rks.org/en/2020/04/02/godisnji-izvestaj-2019/




Табела 20: Жалби што ги примил омбудсманот, во 2019 година

Жалбите примени во текот на 2020 година беа против следниве јавни институции:



Tabela 21: Жалби што ги примил омбудсманот, во 2020 година

Во текот на 2020 година, омбудсманот издал 2 писма со препораки до одговорните органи, во врска со пристапот до јавните документи. Една од тие институции, до месец ноември, ја спровела препораката. Тоа е општина Гњилане. Додека институцијата што не ја спровела препораката е Обвинителскиот совет на Косово.

Според општата опсервација на институцијата омбудсман (од годишниот извештај за 2019 и интервјуто направено во 2020 година), косовските јавни институции продолжуваат да го одбиваат пристапот до информациите или даваат ограничен пристап и, главно, не обезбедуваат валидно образложение, базирано на законот. Дури и по добивањето на препораките или истрагите на омбудсманот, косовските институции остануваат неактивни. Иако се очекуваше дека основањето на функцијата, комесар за информации и приватност, ќе постави нови основи за поактивни и потранспарентни јавни институции, тоа воопшто не се случи. Парламентот на Косово не избра комесар при Агенцијата за информации и приватност, АИП. А без комесар, Косово нема институционален механизам за спроведување на Законот за пристап до јавните документи и Законот за заштита на личните податоци.

АИП и натаму не е во можност да им изрекува казни на органите што го кршат законот, поради отсуство на одредени внатрешни акти, што треба да бидат потпишани и доставени до Владата, од страна на комесарот.

### Искуства/причина за загриженост на омбудсманот:

- Јавните институции мора јасно да се повикуваат на законските ограничувања, при одбивањето на барањата за СПИ, што во моментов не се случува, а не само да издаваат известувања (одговор) дека барањето е одбиено.
- Ниту една јавна институција не се повикува на Законот за класификација на информациите, каде јасно се забележани само 4 случаи во кои информацијата не може да се открие во целост. Сепак, институциите сè уште можат да прецртаат (затемнат) ограничени делови, а останатите да ги обелоденат.
- Што поскоро треба да биде именуван комесар; законот му дава овластување на комесарот да казнува, кога јавните институции не дозволуваат пристап до информациите, во согласност со законот.
- Треба да се применуваат казни, за јавните службеници да станат посвесни за своите обврски.

## Црна Гора

Надзорно тело за Законот за слободен пристап до информации е Агенцијата за заштита на личните податоци и пристап до информациите.

Агенцијата има многу надлежности што се во согласност со меѓународните стандарди. На пример, примање и одлучување по жалби, водење на информациски систем за пристап до информации, водење на список на јавни тела, проверка дали секое тело го ажурира својот „водич“ (индекс) на информации, проверка дали се почитуваат проактивните

одредби за објавување и сл.

Сепак, постои сериозна загриженост дека Агенцијата нема моќ да ги сослушува жалбите. кога одбивањето за откривање на информација се заснова на образложение дека информацијате е класифицирана како тајна (член 34)[61].

Накратко, според извештајот[62] на Комисијата на ЕУ, спроведувањето на сегашниот Закон за слободен пристап до информации, не помогнало да се зголеми одговорноста и транспарентноста на јавните органи. Во 2019 година, вкупниот број на барања за слободен пристап до информации бил **5.409** (додека во 2018 тој број изнесувал 6.080) а бројот на поднесе жалби изнесувал **3.531** (тој број во 2018 бил 3.248).

Во 2020, Агенцијата, само од новинари, добила вкупно **49** барања за слободен пристап до информации. Само **3** жалби биле поднесени во 2020: **2** од новинари и **1** од Здружението на професионални новинари на Црна Гора. Советот на Агенцијата одбил една жалба како неоснована, додека останатите два случаи сè уште се разгледуваат.

61 Анализа на законот на Info Access и МАНС http://www.mans.co.me/wp-content/uploads/2018/06/AIE-MANSanalysis.pdf

62 Извештај на Европската комисија за Црна Гора https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/montenegro_report_2020.pdf

**Компетенции на Агенцијата за заштита на личните податоци и слободен пристап до информациите[63]:**

- Врши надзор над спроведувањето на заштитата на личните податоци во согласност со овој закон;
- Одлучува по барањата за заштита на правата;
- Дава мислење во врска со примената на овој закон;
- Дава согласност во врска со воспоставување системи за пополнување na лични податоци;
- Изнесува свое мислење кога постои двоумење дали одредени лични податоци можат да се употребат во смисла на овој закон;
- Ја следи примената на организациските и техничките мерки за заштита на личните податоци и предлага подобрувања на таквите мерки;
- Дава предлози и препораки за подобрување на заштитата на личните податоци;
- Дава мислење за тоа дали одредени начини на обработка на личните податоци, ги загрозуваат правата и слободите на поединците;
- Соработува со тела надлежни за надзор над заштитата на личните податоци во други земји;

63 Агенција за заштита на личните податоци и пристап до информациите на Црна Гора http://www.azlp.me/en/free-access-to-information

- Соработува со надлежните државни органи во процесот на подготовка на регулативи, во врска со заштитата на личните податоци;
- Испраќа предлози за проценка на уставноста на законите, односно уставноста и законитоста на другите прописи и општи акти што ги регулираат прашањата за обработка на личните податоци, и
- Извршува и други работи во согласност со овој закон. (член 50 од Законот за заштита на личните податоци; Службен весник на Црна Гора 79/08 и 70/09).

Советот на Агенцијата, како второстепено тело, донесува одлуки за постапката на поднесените жалби/приговори. Контролорите во Одделот за слободен пристап до информациите, вршат инспекции во смисла на проактивно објавување на информации на веб-страниците на органите, кои се должни да го применуваат Законот за слободен пристап до информациите. БИРН ќе продолжи да ја следи состојбата, ќе бара повеќе податоци за одлуките на Советот и ќе следи неколку веб-страници на јавните органи од Црна Гора, а наодите ќе бидат објавени во следниот регионален извештај.

| Бр. | Институција: | Статус на барањето: |
|---|---|---|
| 1. | Министерство за финансии - Одделение за јавни приходи | Делумно одобрено |
| 2. | Министерство за сообраќај и поморски работи | Делумно одобрено |
| 3. | Државна институција за ревизија на Црна Гора | Делумно одобрено |
| 4. | Управа за инспекциски работи | Забележано |
| 5. | Министерство за внатрешни работи | Забележано |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Општина - секретар на Собранието | Забележано |
| 7. | Управа за имот | Забележано |
| 8. | Агенција за заштита на природата и животната средина на Црна Гора | Забележано |
| 9. | Министерство за земјоделство и рурален развој | Забележано |
| 10. | Министерство за култура | Одбиено |
| 11. | Министерство за финансии - Одделение за јавни приходи | Одбиено |
| 12. | Општина - Служба за внатрешна ревизија | Одбиено |
| 13. | Министерството за надворешни работи | Одбиено |
| 14. | Министерство за спорт | Одбиено |
| 15. | Министерство за финансии - Царинска управа | Одбиено |
| 16. | Агенција за заштита на животната средина на Црна Гора | Одобрено |
| 17. | Државна ревизорска институција за на Црна Гора | Одобрено |
| 18. | Собрание на Црна Гора | Одобрено |
| 19. | Општина-кабинет на градоначалник | Одобрено |
| 20. | Општина - Секретаријат за општа управа | Одобрено |
| 21. | Завод за вработување на Црна Гора | Одобрено |
| 22. | Државно обвинителство | Одобрено |
| 23. | Министерство за човекови и малцински права | Одобрено |
| 24. | Министерство за одбрана | Одобрено |
| 25. | Министерство за јавна управа | Одобрено |
| 26. | Министерство за култура | Одобрено |
| 27. | Министерство за труд и социјална грижа | Одобрено |
| 28. | Агенција за спречување на корупцијата | Одобрено |
| 29. | Министерство за сообраќај и поморски работи | Одобрено |

| | | |
|---|---|---|
| 30. | Основен суд | Одобрено |
| 31. | Народен музеј на Црна Гора | Одобрено |
| 32. | Влада-Државен архив на Црна Гора | Одобрено |
| 33. | Министерство за внатрешни работи | Одобрено |
| 34. | Министерство за финансии - Одделение за јавни приходи | Одобрено |
| 35. | Министерство за земјоделство и рурален развој | Забележано (институцијата побара повеќе информации) |
| 36. | Полициска управа | Проследено |
| 37. | Министерство за внатрешни работи | Проследено |
| 38. | Општина Котор, Туристичка организација | Одобрено |

Табела 22: Општина Котор, Туристичка организација, одобрена. Список на барања примени во 2020[64]:

## Северна Македонија

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер беше изменет во средината на 2019 година и со новиот закон беше формирана Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата ја замени постоечката Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и таа е дефинирана како самостоен и независен орган на државната управа (член 29)[65].

Новата Агенција за заштита на правото за слободен пристап до

64 БИРН ги доби податоците директно од Агенцијата, немаше податоци објавени/достапни на интернет

65 ОБСЕ за новиот Закон за пристап до документи од јавен карактер на Северна Македонија file:///E:/Commissioners/North%20Macedonia/OSCE%20comment%20on%20new%20draft%20law.pdf

информации од јавен карактер, АСПИ[66], конечно продолжи со работа во јануари 2020. Бидејќи беше без директор од мај 2018 до јануари 2020 година, Агенцијата, во тој период, не одговараше на жалбите, што доведе до зголемување на неодговорените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, од имателите на тие информации. Директор и заменик директор конечно беа именувани во јануари 2020 година, а до февруари 2020 беа решени околу 750 случаи.

Новиот закон за слободен пристап до информации од јавен карактер беше донесен во мај 2019 година и со него Агенцијата за заштита на слободниот пристап до информации од јавен карактер, доби овластувања да ја следи усогласеноста со правилата за проактивно откривање на информации и ги редуцира основите врз кои, барањата за информации од јавен карактер, можат да бидат одбиен. Сепак, капацитетот на Агенцијата за спроведување на новиот закон треба да се зајакне. Исто така, кризата со Ковид-19 доведе до дополнителни одложувања во одговорите на барањата за информации од јавен карактер, кај многу институции.

Според годишниот извештај на Агенцијата[67], во текот на 2019, биле доставени **755** жалби  против управни и реални акти на првостепените органи, или против **молк** од страна на имателите на информации. Дури 677 од вкупниот број жалби се поднесени поради **молк на администрацијата**. Поголемиот број од жалбите се доставени од **правни лица**, односно од здруженија на граѓани и фондации (621), а 134 од физички лица.

Во 2019, најголем број на жалби (411) се поднесени против **здравствени организации** и тоа од страна на исто здружение на граѓани,  130 жалби биле поднесени против **државни институции**, 97 против **општини**,

66 Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер http://komspi.mk/

67 Годишен извештај за 2019, Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер file:///E:/Commissioners/North%20Macedonia/ГОДИШЕН-ИЗВЕШТАЈ-2019-PDF.pdf

43 **против јавни претпријатија**, 38 **против судската власт**, 20 против **правни и физички лица** кои вршат јавни овластувања и 15 против **образовни институции**.

Според прелиминарните податоци, што БИРН ги доби од Агенцијата[68], вкупно 917 жалби биле решени до 30-ти октомври 2020 година. Повеќето добиени жалби (90%) биле против молкот на имателите на информации. Поконкретно, 836 жалби биле поднесени поради административен молк. Исто како и претходната година, повеќето претставки биле поднесени од правни лица, како граѓански организации и фондации (461), а 91 жалба од физички лица.




Табела 23: Жалби поднесени во 2020 година

Според податоците за јули и август 2020 година, Агенцијата примила жалби против **министерства** (19), **општини** (11), **судство** (10), и 7 против **јавни субјекти**. Агенцијата ќе ги презентира конечните вкупни бројки во својот годишен извештај за 2020 година, кој ќе биде објавен во следните месеци.

68 Онлајн нтервју со г-ѓа Пламенка Бојчева, директор на Агенцијата и г-дин Блерим Исени, заменик директор, на 30-ти октомври 2020

### Искуства/причина за загриженост на Агенцијата:

- Новите измени во законот ѝ дадоа повеќе надлежности на Агенцијата, сепак, таа работи со минимални ресурси и персонал.
- Постојат јавни институции кои не водат евиденција за примените барања, како што налага законот, па затоа понекогаш е тешко да се следат одговорите или постапките на тие институции.
- Санкциите кон јавните службеници, за непочитување на законските обврски, треба да бидат построги  и да се спроведуваат.

## Србија

Во Србија, Законот за слободен пристап до информации беше донесен во 2004 година. Оттогаш, овој закон беше изменет три пати, во 2007 година, со заостривање на условите за избор на повереник, во 2009 година со измена на процедуралните и казнените одредби и во 2010 година, кога беше утврдена надлежноста за задолжително извршување на одлуките на повереникот. Од 2012 година, повереникот укажува на потребата од натамошно унапредување на овој закон, во интерес на правото на јавноста да знае и во насока на зајакнување на демократското и отворено општество и елиминирање на очигледните пречки во практика. Процесот на измени и дополнувања на овој закон, кој започна тогаш, беше прекинат поради парламентарните избори, и сè уште не е завршен[69].

69 Годишен извештај на повереникот за 2019: https://www.poverenik.rs/images/stories/dokumentacija-nova/izvestajiPoverenika/2019/ENIzvestaj2019.pdf

Најновите измени на законот, се верзија на предлог законот од 2019 кој содржи изменето решение во врска со компаниите во државна сопственост, во смисла на тоа дека тие не се целосно изземени од примената на Законот за пристап до информациите, како дополнителни причини за можно ограничување на јавните права во врска со информациите за нивната работа.

На крајот на декември 2020 година, Министерството за јавна управа и локална самоуправа на Србија, соопшти дека започнало со измени на Законот за слободен пристап до информациите од јавно значење[70]. И министерот, и повереникот, ја изразија својата „подготвеност да го исполнат амбициозниот план" да ја завршат работата во првите три месеци од 2021 година.

Неколку невладини организации собрани во кровната организација, Коалиција за слобода на пристапот до информации, ја повикаа Владата[71] да овозможи потранспарентен процес, со објавување на работниот план на работната група и со вклучување на претставници на медиумите, експерти и организации на граѓанскиот сектор, во процесот.

„Ваков состав на работната група (само со претставници на државата), како и кратките рокови за завршување на процесот, може да влијаат на квалитетот на предложените решенија и на јавните дебати за нацртот", соопшти Коалицијата на 19 февруари.

Тие изразија загриженост, после првото соопштение на Владата за промена на законот во 2018 година. Многу невладини организации сметаа дека предложените промени се штетни, поради, меѓу другите замерки,

70 Започнато е со активности за измена и допна на Законот за слободен пристап до информациите од јавно значење http://mduls.gov.rs/saopstenja/zapocet-rad-na-izmenama-i-dopuna- ma-zakona-o-slobodnom-pristupu-informacijama-od-javnog-znacaja/?script=lat

71 Барање до Владата на Република Србија, за отстранување на недостатоците во изработката на измените на Законот за слободен пристап до информации од јавно значење https://www.yihr.rs/bhs/zahtev-vladi-republike-srbije-u-vezi-sa-uklanjanjem-nedostataka-u-radu-na-zakonu-o-slobodnom-pristupu-informacijama-od-javnog-znacaja/

формалните потешкотии во постапките за добивање информации, кога една јавна институција не постапува по барањето на граѓаните.

Од друга страна, повереникот, Милан Мариновиќ, во интервју дадено на крајот на јануари 2021 година, застана во одбрана на промените[72], образложувајќи дека тие ќе овозможат унапредување на правата на информации, зајакнување на пристапот до информациите, проактивност на владините тела и спречување на злоупотребите.

Според годишниот извештај на повереникот за 2019 година, подносителите на барања имале најмногу потешкотии да добијат информации во врска со трошењето на буџетските средства, за јавните набавки и за друго располагања со јавните средства, за евиденцијата на јавниот имот и слично. Оттука и причината зошто бројот на поплаки во овие случаи во 2019 година е зголемен речиси двојно, во споредба со претходната година, како и бројот на жалби во врска со загрозувањето и заштитата на животната средина.

Во Србија, вообичаена е појавата, за што говорат бројни примери, јавните органи да постапуваат по барањето за слободен пристап до информациите и да достават информации, дури откако барателот ќе поднесе жалба до повереникот, а повереникот истата ќе ја достави на изјаснување. Ова води до прекинување на жалбената постапка, но, во исто време, предизвикува непотребно вознемирување на оние што бараат информации и непотребно трошење на јавни ресурси, врзано за обработката на жалбите и ангажирањето на персонал во канцеларијата на повереникот. Истовремено, ова е показател дека немало суштински причини за непостапување по поднесените барања, што води до заклучок дека таквиот неодговорен и ирационален однос на властите кон граѓаните и јавните ресурси, можел и требало да се избегне.

72 Повереникот: Наскоро измени на Законот за слободен пристап до информации од јавно значење https://www.danas.rs/drustvo/poverenik-uskoro-izmene-zakona-o-slobodnom-pristupu-informacija-od-javnog-znacaja/

## Основни препреки во остварување на правото на пристап на информации:

- Неможност за административно извршување на одлуката на повереникот
- Неадекватна одговорност
- Отежната имплементација на овластувањата на повереникот.

## Типични случаи на заобиколување на правото за пристап до информации во 2019 и 2020:

- Недоставување информации во врска со финансирањето на медиумите и нивниот имот
- Недоставување информации за постапките за приватизација
- Недоставување информации за трошење на јавните парите
- Информации во врска со заштитата на животната средина
- Ускратување и отежнување на пристапот до информациите што се однесуваат на контролата на законитоста на работата на органите на јавната власт.

Во 2019, повереникот решил 5.188 жалби. Најголемиот број од нив, 4.604 или 88.74%, се поднесени поради целосно игнорирање на барањата за информации на подносителот или доставување на негативен одговор, без донесување на решение, кое ги содржи причините за одбивање на барањето и поуката за правниот лек, како што тоа го налага законот. Такво постапување имало за речиси 6% (5.98) повеќе во однос на 2018. Вкупно 584 жалби, или 11.26% од вкупниот број на решени жалби, биле поднесени против решение на орган на власта, со кое барањето на подносителот било одбиено како неосновано, со образложение.




Табела 24: Жалби поднесени до повереникот во 2019 година

Во 2020 година, повереникот добил вкупно **3.286 жалби**[73]. Од нив, 278 биле поднесени од новинари.

Од тој број, **159** жалби се однесувале на таканаречениот „административен молк“, **44** жалби биле поднесени против заклучоци и одлуки на јавните органи, со кои се одбива или негира барањето за пристап до информации и 75 жалби биле поднесени поради нецелосен или неадекватен одговор.

Од вкупно **278** пристигнати жалби од новинари, решени се **205**, а **73** жалби се сѐ уште во постапка.

Од решените случаи, повереникот ги донел следниве одлуки:

- во 49 случаи, повереникот им наложил на јавните власти да ја обезбедат бараната информација,
- во 13 случаи, повереникот го поништил решението со кое

73 БИРН доби прелиминарни податоци, во преписка по е-пошта со г-ѓа Славољупка Павловиќ, помошник на генералниот секретар, Сектор за жалби и извршување - пристап до информации, канцеларија на повереникот за информации од јавно значење

се одбива барањето за пристап до информации и наложил информациите да бидат доставени,

- една жалба е одбиена како неоснована,
- во 39 случаи, решението со кое се отповикува барањето за пристап до информациите, е анулирано и предметот е вратен на повторно разгледување,
- 10 жалби се одбиени од формални причини (нерегуларна или неприфатлива жалба),
- Во 93 случаи, жалбената постапка е суспендирана, бидејќи информациите му биле ставени на располагање на подносителот на жалбата по интервенцијата на повереникот.

Во 2020, жалби се поднесени против следниве јавни органи:

| | **Јавен орган:** | **Број на поднесени жалби:** |
|---|---|---|
| 1 | Градска и општинска власт и против локални заедници | 53 |
| 2 | Жалби против јавни служби и други организации на локалната власт | 2 |
| 3 | Локални јавни претпријатија | 10 |
| 4 | Министерства | 74 |
| 5 | Жалби против највисоките органи (Народното собрание, Владата, претседателот, Врховниот касациски суд, Уставниот суд на Србија, Републичкиот јавен обвинител) | 9 |
| 6 | Независни државни тела и органи | 9 |
| 7 | Покраински органи на власта | 3 |
| 8 | Жалби против судски органи (судови и јавни обвинителства) | 23 |
| 9 | Републички јавни претпријатија | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Републички агенции, дирекции, институти, фондови и сл. | 46 |
| 11 | Спортски организации | 5 |
| 12 | Институции од сферата на основното и средното образование | 4 |
| 13 | Институции за социјална заштита | 1 |
| 14 | Научни, културни и информативни институции | 2 |
| 15 | Здравствени установи | 32 |
| 16 | Високообразовна институција | 1 |

Табела 25: Поднесени жалби против јавните власти во 2020 година

Во најголем дел, барањата поднесени во 2020 година се однесувале на документи за: финансиски детали (како плати, донации, спонзорства); за јавен имот; јавни инвестиции; јавни набавки; евиденција од катастар или за јавен имот; информации за работата на полицијата и безбедносните служби; за работата на судските тела; детали за заштита на животната средина.

Од 62 случаи, во кои повереникот издал решение со кое им наложува на јавните органи да им дадат информации на новинарите, во 25 случаи одлуката на повереникот не била извршена (за што тој ја известил Управната инспекција). 21 решение било извршено, една одлука била делумно спроведена, а 15 сè уште чекаат на извршување.

Републичкиот фонд за здравствено осигурување (5), Вишото јавно обвинителство (2), градската управа на град Панчево (2) и Министерството за финансии (2), имаат најмногу неизвршени одлуки. Другите јавни органи имаат само една неизвршена одлука на повереникот.

Во врска со „административниот молк“, најмногу жалби се поднесени против Министерството за внатрешни работи (8), Министерството за здравство (7), Министерството за финансии (6), Републичкиот фонд за здравствено осигурување (6), Агенцијата за заштита на животната средина

(3), Министерството за одбрана (3) и Министерството за надворешни работи (3). До другите јавни органи се поднесени една или две жалби.

### Закон за слободен пристап до информации од јавно значење [74] (Службен весник на Република Србија, број 120/04 и 54/07):

- Го следи почитувањето на обврските на органите на власта, утврдени со овој закон и ја известува јавноста и Народното собрание;
- Дава иницијатива за донесување или измена на прописите, заради спроведување и унапредување на правото на пристап до информации од јавно значење;
- Им предлага на органите на власта да преземат мерки со цел да ја подобрат нивната работа, регулирана со овој закон;
- Презема мерки неопходни за обука на вработените во државните органи и за запознавање на вработените со нивните обврски, во врска со правата за пристап до информации од јавно значење, со цел ефикасно спроведување на овој закон;
- Одлучува по жалби против решенија на органите на власта, со кои се повредени правата регулирани со овој закон;
- Ја информира јавноста за содржината на овој закон, како и за правата регулирани со овој закон;

74 Повереник за информации од јавно значење и заштита на податоците https://www.poverenik.rs/en/o-nama/authority.html

- Повереникот може да поведе постапка за оценка на уставноста и законитоста на законите и другите општи акти;
- Повереникот објавува и ажурира прирачник со практични упатства за ефикасно остварување на правата регулирани со овој закон, на српски јазик и на јазиците кои, во согласност со законот, се дефинирани како јазици во службена употреба;
- Преку печатот, електронските медиуми, преку интернет, јавни трибини и на други начини, ја запознава јавноста со содржината на прирачникот за спроведување на законот;

### Искуства/причина за загриженост на повереникот:

- Нема политички притисок врз канцеларијата на повереникот. Понекогаш се случува, првите луѓе на јавните органи, кои не се задоволни од одлуките на повереникот, да ја критикуваат неговата работа.
- Со цел подобро функционирање на канцеларијата на повереникот, потребна е континуирана и константна обука на вработените, како и дополнителни простории.

# Глобален рејтинг на правото на информации

## *Анализа на регионалните закони*

Рејтингот на правото на информација е глобална методологија, со која се проценува силата и се анализира квалитетот на правната рамка, за правото на информации (ПНИ) во една земја. Резултатите укажуваат на значителна разноликост, почнувајќи од земјите, кои добиле помалку од 50 од можните 150 поени (помалку од една третина), до неколку кои имаат над 130 поени  (90%)[75].

Рејтингот на ПНИ се базира на 61 индикатор, и за секој индикатор, земјите добиваат поени, во рамките на одреден опсег на бодови (во повеќето случаи од 0 до 2), во зависност од тоа колку добро правната рамка го обезбедува индикаторот, за да се постигнат бодови, од можните максимални 150. Индикаторите се поделени во седум различни категории: право на пристап, опсег, постапки за поднесување на барање, исклучоци и одбивања, жалби, санкции и заштита, и промотивни мерки[76].

Со цел подобро да се разбере бодувањето, БИРН ги анализираше и ги спореди индикаторите во шесте балкански земји.

Сепак, многу е важно да се напомене дека ПНИ рејтингот е ограничен само на мерење на правната рамка и не го мери квалитетот на спроведувањето. Во повеќето земји од Балканот, се чини дека квалитетот на законите е многу висок, но имплементацијата е слаба. ПНИ ја рангира

75 Глобален рејтинг на правото на информации, држави https://www.rti-rating.org/

76 Глобален рејтинг на правото на информации, методологија https://www.rti-rating.org/methodology/

Србија меѓу првите 10 најдобри во светот.

Методологијата на ПНИ забележува дека некои земји, со релативно слаби закони, сепак можат да бидат многу отворени (нема таков пример на Балканот), како резултат на позитивните напори за имплементација, а од друга страна, земји со релативно силни закони, не можат да обезбедат отвореност, поради нивно неправилно имплементирање.




Табела 26: Рејтинг на ПНИ[77]

Законот за слободен пристап до информации од јавно значење на Србија[78], е рангиран меѓу првите три во светот, по Авганистан и Мексико. Од максимално 150 поени, Авганистан има 139, а Мексико 136. Србија е трета со 135 поени. Албанија е втората земја од регионот, рангирана на шестото место меѓу најдобрите десет, со 127 поени. Албанија е единствената земја што го усвоила законот пред 2000 година, и која има внесено најнови измени на истиот.

77 Глобален рејтинг на ПНИ https://www.rti-rating.org/

78 Закон за слободен пристап до информации од јавно значење, Србија https://www.rti-rating.org/wp-content/uploads/Serbia.pdf

| ПНИ рејтинг: | Макс. бодови | Србија | Албанија | Северна Македонија | Косово | Босна и Херцеговина | Црна Гора |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| Право на пристап | 6 | 5 | 6 | 4 | 5 | 4 | 5 |
| Опсег | 30 | 30 | 29 | 29 | 24 | 30 | 30 |
| Постапки за поднесување на барање | 30 | 22 | 26 | 21 | 22 | 21 | 22 |
| Исклучоци и одбивања | 30 | 26 | 27 | 22 | 17 | 19 | 21 |
| Жалби | 30 | 29 | 23 | 18 | 20 | 16 | 4 |
| Санкции и заштита | 8 | 7 | 6 | 4 | 6 | 0 | 2 |
| Промотивни мерки | 16 | 16 | 10 | 14 | 12 | 12 | 5 |
| Вкупно | 150 | 135 | 127 | 112 | 106 | 102 | 89 |

Табела 27: Бодовна листа на ПНИ

Со цел подобро да се разбере бодувањето за секој дел, БИРН ги анализираше и ги спореди бодовите, и даде кратко резиме на описот на индикаторот. Трите анализирани делови се: постапки за поднесување на барање, исклучоци и одбивање и жалби.

Како што е прикажано во горната табела, во делот Постапки за поднесување на барање, Албанија има највисок резултат (26), следат Црна Гора, Косово и Србија (22), а последни се Босна и Херцеговина и Северна Македонија (21). Максималниот број бодови изнесува 30.

Во рамките на делот Постапки за поднесување на барање, има вкупно 14 индикатори. Овој дел ги опфаќа индикаторите како ‘од барателите не се бара да наведат причини за нивните барања’ и ‘од барателите се бара само да ги наведат деталите потребни за идентификување и доставување на информациите (на пример, некоја форма на адреса за испорака)’, каде сите земји добија максимум поени (2 од 2). Меѓутоа, кога се спомнува обврската на јавните службеници да им помагаат на барателите со посебни потреби, како што се неписмените лица или лицата со попреченост, Албанија и Северна Македонија се покажаа како неуспешни (со 0 бодови), Косово ги исполни барањата делумно (1 бод), а Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија ги исполнија критериумите во целост. Во рамките на индикаторот ‘на барателите им се обезбедува потврда или признаница за поднесеното барање во разумен рок, кој не треба да биде подолг од 5 работни дена’, само Албанија ги исполни критериумите и тоа делумно, со оценка 1, бидејќи според законот „барањето се заведува и му се доделува сериски број. Освен серискиот број, на барателот кој го испратил барањето за информации, му се даваат и детали за контактот на координаторот за право на информации” [79].

Сите шест земји добија високи оценки (2 поени) во делот за јасните датуми за процесирање на барањата за СПИ, како и поради тоа што овој процес е бесплатен. Само Србија постигна делумен резултат (1 поен) во рамките на првиот индикатор ‘постојат јасни ограничувања за продолжување на рокот (20 работни дена или помалку), како и барање, барателите да бидат известени и да им бидат доставени причините за продолжувањето на тој рок’. Во Србија, јавниот орган треба, најдоцна во рок од седум дена

79 Законот за слободен пристап до информации, Албанија https://www.rti-rating.org/wp-content/uploads/Albania.pdf

од приемот на барањето, да го информира подносителот на барањето за доцнењето. Рокот може да биде продолжен до 40 дена[80], што го надминува регионалниот максимален временски рок.

Во вториот дел, Исклучоци и одбивање, Албанија се најде на највисокото место (27 поени), а најмалку бодови добија Косово (17) и Босна и Херцеговина (19). Овој дел, кој содржи вкупно 7 индикатори, ги проценува и мери 'ограничувањата за откривање на информациите (одредби за тајност) во другите закони, до степен на некаков конфликт', фактот дека 'исклучоците од правото на пристап до информациите, се во согласност со меѓународните стандарди за дозволени исклучоци, како што се: националната безбедност; меѓународните односи; јавното здравство', и доколку 'законот содржи клаузула во која се вели дека исклучоците за заштита на јавните интереси не се однесуваат на информации постари од 20 години'.

Босна и Херцеговина[81], Црна Гора[82], и Северна Македонија[83] потполно потфрлија врзано за првиот индикатор од овој дел, 'ограничувања за откривање информации (одредби за тајност) во другите закони, до степен на некаков конфликт', додека Косово делумно ги исполни критериумите, со средно бодување, а највисоко се наоѓаат Албанија и Србија. Според албанскиот закон, „правото на информации не се одбива автоматски, кога бараната информација ќе се најде во документи класифицирани како државна тајна". Додека во Србија, законот вели дека „ниту една одредба во овој закон, нема да се толкува на начин кој би довел до укинување на некое право, кое овој закон го признава, или до негово ограничување,

80 Закон за слободен пристап до информации од јавно значење, Србија https://www.rti-rating.org/wp-content/uploads/Serbia.pdf

81 Закон за слобода на пристапот до информации, Босна и Херцеговина https://www.rti-rating.org/wp-content/uploads/Bosnia-and-Herzegovina.pdf

82 Законот за слободен пристап до информациите, Црна Гора https://www.rti-rating.org/wp-content/uploads/Montenegro.pdf

83 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Северна Македонија https://www.rti-rating.org/wp-content/uploads/Macedonia.pdf

во поголема мера од онаа што е пропишана во став 1 од овој член“. Но, искуството на БИРН, од случаи во кои регуларно беа поднесувани барања за СПИ, покажува дека во Србија, мнозинството институции, во 2019 година[84], голем број информации што беа предмет на тие барања, ги класификуваа како „доверливи“, без дополнително објаснување.

Понатаму, индикаторите 32 и 33, од делот исклучоци и одбивања, покажуваат дека ниту една земја во регионот не објавува информации, веднаш штом ќе престане примената на исклучокот, поради кој информациите не биле откриени (на пример, по донесување на одлука за постигнат договор на тендер); ниту пак ја навела клаузулата дека исклучокот за заштита на јавните интереси, не се однесува за информации постари од 20 години.

Тука, само Северна Македонија има високи резултати. Законот во Северна Македонија вели дека „информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни, кога ќе престанат причините за нивната недостапност“[85] и ја исполнува втората клаузула за исклучок за заштита на информациите постари од 20 години. Останатите земји, имаат 0 бодови.

И, конечно, 33-тиот индикатор за „јасни и соодветни процедури, консултирани со трети страни, кои, на доверлива основа, ги доставиле информациите што се предмет на барањето“, и за тоа дека „јавните органи треба да ги земат предвид сите приговори од третите страни, при разгледување на барањата за пристап до информации, при што третите страни немаат право на вето за објавување на информациите“, воопшто не постои во ниту една во шестте земји.

Од друга страна, последните два индикатори од овој дел, 34 и 35,

84 Годишен извештај на БИРН за 2019, ,,Чекор напред, назад два” https://balkaninsight.com/wp-content/uploads/2019/12/FOI_Report_RS.pdf

85 Законот за слободен пристап до информации, Северна Македонија https://www.rti-rating.org/wp-content/uploads/Macedonia.pdf

ги бодуваат сите земји со највисоки оценки, бидејќи ја почитуваат клаузулата дека, кога дел од бараните информации не можат да се обелоденат поради некаков исклучок, останатиот дел му се доставува на барателот. Индикаторот 35 се однесува на рангирањето на јавните органи „кога тие одбиваат да обезбедат пристап до информации, со тоа што тие мора: а) да ги наведат точните законски основи и причините за одбивањето и б) да го информираат барателот за релевантните постапки за жалба.

БИРН, исто така, внимателно ги анализираше двата последни индикатори, но технички сите земји ги криjат само личните податоци. Ниту една, „доверлива" информација не е покриена со објавениот документ. И не секогаш, кога БИРН барал информација, бил известен дека властите ги примиле барањата и дека работат на нив.

Под делот жалби, генерално, Србија котира највисоко со 29 бодови (од вкупно 30). Северна Македонија има 18 – средно ниво, а најниско котира Црна Гора со само 4 бодови. Сите земји, за некои индикатори, навистина покажуваат одлични резултати, за други, сосема ниски резултати.

Пет земји котираат високо според критериумите 37 – „барателите имаат право да поднесат (надворешна) жалба до независно тело за административен надзор (на пр. комисија за информации или народен правобранител)" и 38 – „членот (членовите) на надзорниот орган се именуваат на начин кој ги заштитува од политичко мешање и им дава сигурност на работното место, така што ќе бидат заштитени од произволно отпуштање (процедурално / суштински) откако ќе бидат назначени'.

Само Црна Гора има 0 бодови и за двата критериума.

Пет земји имаат низок резултат според критериумот 48, во делот дека Владата го носи товарот да докаже дека не ги крши правилата. Само Србија котира високо (со максимум 2 поени). Висока оценка ѝ е дадена во

делот „јавниот орган докажува дека постапувал во согласност со своите обврски предвидени со овој закон“[86].

Според последниот критериум од овој дел, Косово[87] и Србија имаат исти бодови, 1 (на скалата од 0 до 2 бода). Тие, како што се забележува, имаат некаков вид на надворешно апелациско тело, што има моќ да им наметне соодветни структурни мерки на јавните органи (на пример, да спроведе поголем број обука или да се вклучи во подобро управување со евиденцијата).

Накратко, Глобалниот рејтинг на ПНИ дава одлична проценка на бројните закони на земјите. Тој дава индиции за предностите и слабостите на правната рамка и обезбедува практични средства за одредување на областите во кои е потребно унапредување.

Сепак, жално е што мнозинството земји на Балканот спаѓаат во втората категорија случаи: со брилијантни закони за СПИ, што звучат одлично на хартија, но без соодветна имплементација. Затоа, не чуди што Србија е високо бодувана во светот и што Албанија е веднаш зад неа, но со мал напредок во доброто спроведување на законите во практика.

86 Законот за слободен пристап до информации, Србија https://www.rti-rating.org/wp-content/uploads/Serbia.pdf

87 Закон за увид во јавните документи, Косово https://www.rti-rating.org/wp-content/uploads/2020/11/Kosovo.RTI_.2019-3.pdf

# Заклучок

Во **2020**, БИРН поднесе вкупно **359** барања за слободен пристап до информациите, до јавните органи на балканските земји, врз основа на кои ја измери транспарентноста на институциите. За време на извештајниот период, беа спроведени петнаесет истраги и реализирани тринаесет текстови врз основа на добиените информации од тие барања, Поголемиот дел од нив, вклучувајќи ги и претходно објавените истражувања, се достапни онлајн, во базата на податоци на БИРН: https://source.bird.tools.

Врз основа на мониторингот на БИРН, се заклучува дека само неколку институции објавуваат информации на интернет (на нивните веб-страници), но повеќето од објавените информации не се ажурирани; речиси сите институции опфатени со мониторингот, не ги ажурираат податоците, го одложуваат обезбедувањето на пристапот до информациите, честопати ги одбиваат барањата или ги класифицираат информациите како „доверливи“, при што на новинарот или на јавноста не им се дава пристап. Дури и оние што одговорија на барањата за СПИ на БИРН, тоа го направија делумно, односно одговорија на дел или дадоа само делови од бараните документи, или едноставно велеа дека „ќе одговорат по укинувањето на вонредната состојба”.

На хартија, законите за слободен пристап до информациите се многу добро претставени, скоро во сите засегнати земји, но имплементацијата, во голема мера, каска зад запишаното, таа некаде е лоша, а некаде речиси и невозможна.

Со законите донесени во сите опфатени земји, со цел обезбедување на нивно спроведување, воспоставен е и независен механизам - комесари/повереници /омбдусмени/агенции. Сепак, во повеќето земји, нивните

овластувања не се големи во смисла на можноста да изречат казни на институциите, кои не го почитуваат законот за СПИ. Дури, во некои земји, каде се предвидени казни, од институциите не се бара, ниту пак тие се охрабруваат да го почитуваат законот, дури и во случаите кога не дозволуваат пристап до јавните документи. Сепак, под знак прашалник е, дали воопшто некоја казна е платена, дури и кога институциите се прогласени за виновни за незаконско одбивање на пристапот до информации.

Неколку години по ред, спомнатите земји немаат политичка волја за целосно спроведување на своите закони за слободен пристап до информациите. Сепак, благодарение на постојаната критика на Европската унија, на локалните граѓански општества, на невладините организации и на претставниците на медиумите, вклучително и на новинарите, постои причина за оптимизам кога зборуваме за состојбата на транспарентноста на Балканот - иако е потребно да се направи уште многу за да се обезбеди дека јавноста ќе биде правилно информирана за нејзините влади и нејзините активности.

# Препораки

Говорејќи врз основа на секојдневните предизвици со кои се соочуваа новинарите на БИРН во минатата година, а во услови на глобална пандемија, нивната работа беше отежната при обидите да добијат пристап до јавните документи. Оттука, следниве препораки ќе обезбедат подобра институционална транспарентност и подобра примена, на толку добро напишаните закони за пристап до информациите од јавен карактер:

- На комесарите/повереници те/омбдусмените/агенциите, треба да им се дадат поголеми и зајакнати надлежности, за подобро и поефикасно справување со незаконските одбивања на пристапот до информациите од јавен карактер.
- Зајакнување на капацитетите на комесарите/повереници те/омбдусмените/агенциите, преку зголемување на бројот на нивниот персонал и пооперативен буџет.
- Да се обезбеди дека комесарите/повереници те/омбдусмените/агенциите, ќе бидат ослободени од политичко мешање и целосно независни во нивната работа.
- Сите јавни институции треба да бидат обучени, врзано за законите за слободен пристап до информациите, и да бидат обврзани да ги објавуваат на интернет сите нивни одлуки, евиденции, трошоци и финансиски буџети. Тие треба онлајн да поставуваат што е можно повеќе податоци, за тие да бидат достапни до поширока публика.
- Треба да им се изрекуваат построги парични казни на институциите, кои воопшто не одговараат на барањата за СПИ и да се води евиденција за јавните службеници кои активно одбиваат или не одговараат на барањата за СПИ, проследено со законски санкции.

- Паричните казни што ќе им бидат изречени на службениците, кои одбиваат барања без законско оправдување, треба да ги плаќаат самите службеници, а не нивната институција.
- Претставниците на граѓанското општество, новинарите и експертите за медиуми, треба да бидат повикани и активно да учествуваат во измените на законите за СПИ, што Владата планира да ги спроведе.
- Секое ограничување на законите за СПИ, во услови на прогласена вонредна состојба, треба да се елиминира.
- Треба да бидат донесени пократки рокови за издавање известувања, кога институциите не ги поседуваат бараните информации.
- Јавните службеници одговорни за СПИ, во секоја јавна институција, треба да го контактираат барателот, веднаш штом ќе го примат неговото барање и, доколку е потребно, да му сугерираат ако треба да го смени/адаптира барањето и како да го направи тоа, за да може барателот да го добие одговорот што побрзо и во целост.
- Треба да се воспостави национален онлајн регистар на сите барања за СПИ, испратени до сите јавни институции, заедно со нивните одговори и објавени документи. Регистарот треба да биде јавно достапен, разбирлив и лесен за пребарување. На овој начин, јавноста не ќе мора да поднесува нови барања за СПИ, за документите што се веќе јавно објавени.

# За проектот

Како што е наведено во извештајот, во сите балкански земји се усвоени добри закони за СПИ. Но, за жал, тие важат само на хартија. Овој извештај се осврнува на предизвиците, практиките и одговорноста на јавните институции кон локалните барања за СПИ, поднесени од новинарите на БИРН. Овој годишен регионален преглед на СПИ е дел од проектот „A Paper Trail to Better Governance", имплементиран од Балканската истражувачка репортерска  мрежа (БИРН), со цел промовирање на владеењето на правото, на отчетноста и на транспарентноста, во шест балкански земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија.

Проектот придонесува за подобро функционирање на јавниот сектор во земјите во кои проектот се спроведува, а кој се води од принципите за транспарентност и отчетност. Само во првата година од спроведувањето на проектот, БИРН објави 36 статии и вести, вклучително и 15 прекугранични и локални истражувања, во кои се обелоденуваат неправилностите на владите, на јавните и на приватните компании, како и на моќниците, кои обично се поврзани со владите и политичарите. Овие стории се фокусираат на некои од најгорливите проблеми за граѓаните на Балканот: широко распространетата корупција, непотизмот, загадувањето на животната средина, отчетноста, родовата еднаквост, приватноста, надгледувањето и следењето на податоците. Тие, исто така, се занимаваат со важни прашања од глобално ниво, каде што балканските држави се важни актери: кршење на прописите за трговија со оружје и бегалската/мигрантската криза. Тимот на БИРН го реализираше тоа, со широка употреба на јавни документи, добиени врз основа на законите за СПИ, доставени или обезбедени од негови извори.

Тимот на БИРН, исто така, ја провери транспарентноста на јавните

институции во земјите опфатени со проектот, но и пошироко, поднесувајќи вкупно 359 барања за СПИ, во периодот од февруари до декември 2020 година, при што анализата на транспарентноста останува во фокусот на овој извештај.

Главните целни групи и корисници на проектот „A Paper Trail to Better Governance“ се новинарите истражувачи, младите новинари, истражувачите, медиумите и пошироката јавност - најмалку 3 милиони луѓе изложени на објавениот материјал, кој произлезе од истражувачкото известување, од следењето на усогласеноста на јавните институции со законите и од годишните извештаи. Индиректни корисници се јавните институции и другите засегнати страни, вклучително и медиумите и универзитетите.

Проектот, осма година по ред, е поддржан од Австриската агенција за развој (АДА), оперативна единица на Австриската развојна соработка. Првата фаза на проектот го опфати периодот од јануари 2013 до 2016 година, а втората фаза периодот од јануари 2017 до декември 2019 година. Третата, сегашна фаза, започна во февруари 2020, и ќе трае до јануари 2023 година.

Во обид да ја промовира транспарентноста, да ги повика на одговорност надлежните органи и јавните личности, како и да им се помогне на новинарите во нивните истражувања, БИРН воспостави бесплатна, лесна за употреба и пребарување, онлајн библиотека на јавни документи и собрани податоци, БИРД Извор: www.source.bird.tools. Тоа е сеопфатна база на податоци, односно на документи, што ги собра тимот на БИРН, добиени преку законите за СПИ и од извори на БИРН, за неговите истражувања. Библиотеката содржи повеќе од 3 милиони документи, кои можат да се употребат.

Освен платформата на истражувачки ресурси на БИРН, BIRD[88], која

88 BIRN Investigative Resource Desk https://bird.tools

стартуваше во почетокот на јануари 2020 година, БИРН во јануари 2021 креираше и BIRD Community[89], безбеден простор каде што новинарите можат да се сретнат со колеги од различни земји и да комуницираат заради размена на идеи, податоци и информации, да соработуваат на веќе постоечки проекти или да започнат нови. Уште поважно, страницата 'BIRD Community' им нуди на своите регистрирани корисници бесплатен пристап до страницата 'BIRD Source'[90], како и бесплатен пристап до BIRD Directory[91], базата на податоци на контакти на експерти од различни области од шестте балкански земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, како и одделите Forum[92] и Bulletin Board[93], каде што членовите можат приватно или јавно да комуницираат меѓусебе и безбедно да разменуваат податоци.

89 BIRD Community https://birdcommunity.tools/

90 BIRD Source https://source.bird.tools/

91 BIRD Directory https://birdcommunity.tools/directory/

92 BIRD Forum https://birdcommunity.tools/forums/

93 Bulletin Board https://birdcommunity.tools/forums/forum/bulletin-board/

# Истражувања и статии објавени за време на периодот на мониторингот

Истражувања (15):

1. Company Linked to Serbian Minister's Husband Gets State Contracts
2. Kosovo Taxpayers' Money Was Used to Promote Border Changes
3. After the Flood, Serbian Villages Left to the Mercy of a River
4. Teddy Bear Bomb in Libya Linked to Serbian Arms Violations
5. Unclean Energy: The Kosovar Who Would Own the Sun
6. Asylum Outsourced: McKinsey's Secret Role in Europe's Refugee Crisis
7. How McKinsey Put 'Productivity' At Heart of European Refugee Policy
8. Serbian Inmates Hired for a Pittance by Subsidiary of Austrian Construction Giant
9. Luxury State Villa in Serbia Sold to Associate of Powerful Palestinian
10. In Nagorno-Karabakh Fight, Serbian-Made Rockets and Links to Blacklisted Dealer

11. Hungarian Media Expansion in Balkans Raises Worries but Lacks Impact
12. Irish Dream Turns to 'Nightmare' for Eastern European Seasonal Workers
13. Currying Favour or Just Generous? Donors to Serbian Police Raise Eyebrows
14. Marcos and Soldado: Colombian Shootout Sheds Light on Balkan Drug Ties
15. Son of Fugitive Ex-President Builds Raspberry Fortune in Serbia

Стории/Анализи (13):

1. Concern for Rights in Montenegro amid COVID-19 Fight
2. Central and Eastern Europe Freedom of Information Rights 'Postponed'
3. Governments Continue to Undermine Right to Information Under Cover of COVID-19
4. North Macedonia Leads Region in COVID-19 Tracing App
5. COVID-19 and Domestic Abuse: When Home is not the Safest Place
6. COVID-Related Boom Reveals Video Conferencing's Dark Side
7. Hackers Expose Gaping Holes in North Macedonia's IT Systems
8. Rights Denied: Albanians in Greece Face Long-Term Limbo
9. Muddy Waters: The Pollution Killing Kosovo's Lakes and Rivers
10. Gender Gap: Why Men Are Failing Albania's Judicial Vetting
11. New Cyber Attacks on North Macedonia Spur Calls for Better Defences
12. Concern in Albania over String of Secretive COVID-19 Tenders
13. Struggling to be Seen: In Croatia, Albanian Women Fight Prejudice, Patriarchal Norms

Следствени истражувања (8):

1. Flood-Prone Parts of Serbia, Bosnia Inundated by Water despite Investment
2. Kosovo President, Ambassador, Lobbied Influencers to Back Land Swaps
3. Serbia's Graft Agency Ignores BIRN Probe Into Minister's Husband's Deals
4. Iraqi Forces 'Deliberately Killed' Protesters with Gas Grenades
5. Serbian Bullets Used to Attack Unarmed Nigerian Protesters
6. Montenegro Renews Push to Extradite Fugitive Ex-President
7. Serbia Stays Silent on Call to Extradite Ex-President Marovic
8. Serbia Invokes 'Confidentiality' Clause on Montenegrin Ex-President's Extradition